**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 октомври 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,17 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Али Ахмети, Фиат Цаноски и Иван Стоиљковиќ ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по втората точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пред да продолжиме процедурално од госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска**: Благодарам почитуван претседателе,

Со оглед дека почетокот на седницата каснеше 17-тина минути..

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, вас ве чекавме, вие не бевте тука, инаку ќе требаше да поминеме на гласање.

**Роза Топузова Каревска:** Добро. Се извинувам.

Значи, јас од името на пратеничката група барам пауза од десетина минути, затоа што во овој момент ние започнавме со една друга активност и јас влегов за да ја побарам оваа пауза.

**Трајко Вељаноски:** Добро. Мислам дека и вчера по ваше барање на ЛДП беше побарана пауза за да може господинот Мансијевски Јован да зборува. Сега пак барате пауза за да може господинот Мансијевски да зборува.

**Роза Топузова Каревска:** Сега вие претседателе како сакате можете да го толкувате тоа, јас апсолутно немам намера со вас да спорам.

**Трајко Вељаноски:** И вчера се прекина седницата и сега се прекинува само за да може господинот Јован Манасијевски да зборува.

Пауза десет минути.

Ја прекинувам седницата. Ќе продолжиме во 11.30 часот.

(по паузата седницата продолжи во 11,36 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Јован Мансијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски.

Продолжуваме со претресот.

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Со амандманот што го предлага пратеничката група се предвидува пратениците во македонскиот Парламент да немаат двојно државјанство т.е. да немаат два пасоши. Зошто е ова значајно? Значајно е пред се затоа што човек што има два пасоши, а особено пратеник во законодавниот дом кој што го регулира целиот нормативен поредок на земјата кој што носи клучни одлуки, да не го читам Уставот на Република Македонија каде што се наведени надлежностите на Собранието. Ние со постоечката регулатива дозволуваме тие луѓе да имаат двојно државјанство, што значи лојалност спрема две држави и што значи во потенцијални ситуации и судир помеѓу тие лојалности. Многу битно е што оние пратеници што имаат двојно државјанство, такви имаше и во минатиот парламент, има и сега, не го истакнуваат јавно тој факт, туку го кријат. Тоа говори дека се срамат од тој податок, дека се свесни дека нивниот чин е неетички и дека може да им наштети на нивниот политички избор. И за мене е навистина необјасниво зошто и Владата и мнозинството се согласуваат да подржат таква хипокризија. Доколку постои регулатива каде што непостоењето на двојно државјанство е услов, или барем декларативно да биде објавено дали кандидатот за пратеник има, или нема двојно државјанство. Сигурен сум дека македонскиот парламент особено во делот на владеачката коалиција нема да го имаше сегашниов персонален состав. Со постоечката регугулатива ние таа хипокризија, тие двојни стандарди, тоа лицемерие го дозволуваме, а да биде иронијата поголема полна ни е устата со патриотизам и патриотизмот го докажуваме на илјадници небитни работи, а кога треба да донесеме пропис со кој што од членовите на највисокиот законодавен дом се бара да покажат лојалност само кон својата држава, тогаш патриотизмот го забораваме. Интересна е оваа теорија на претставниците на ВМРО ДПМНЕ, инаку главните застапници и бранители на патриотизмот. И ги молам да ми објаснат, бидејќи очигледно министерот е индиспониран, не е во форма да го образлага овој чуден закон што е пред нас. Ги молам пратениците од ВМРО ДПМНЕ да ми објаснат како тоа двојното државјанство, или двата пасоши се повисока форма на патриотизам отколку поседувањето само на македонски пасош. Господа пратеници, не е тоа мое лично барање, тоа го бараат граѓаните на Република Македонија. Впрочем во вашата најомилена едукативна ТВ серија вБумбарг, вчера предлогот да нема двојно државјанство победи со 105 : 4. Значи вашите гласачи, гласачите на ВМРО ДПМНЕ бараат кои што се во најголем дел учесници на таа емисиј, како што добро знаеме, тие бараат да биде санкционирана оваа аномалија во македонскиот

политички систем. Навистина не ми е јасно како Владата и парламентарното мнозинство со толку многу патриоти во својот состав не може да донесе една ваква елементарна патриотска одлука.

Значи, драги патриоти, според вашето толкување на патриотизмот да имаш два пасоши, да си лојален на две држави е повисока форма на патриотизам, отколку да имаш само македонски пасош. Многу интересна, многу чудна теорија, се надевам дека ќе ми дадете било какво образложение на оваа теорија. Драги колеги, ваквата одлука ќе мора да ја донесете, дали денес, дали во некоја друга прилика, ние ќе мора да одговориме на ова елементарно барање. Не може тука во нашите редови да имаме луѓе кои што носат клучни одлуки во џебот со два пасоши. Тоа е фундаментално погрешно, тоа е неетички и тоа претставува изигрување на гласачите и нивната волја. Ако грешам ве молам, а ги има неколку според нашите евиденции шестмина пратеници од парламентарното мнозинство што имаат двојни пасоши. Нека излезат јавно нека кажат: да јас сум тој и тој, имам двоен пасош и воопшто не ми пречи да ја извршувам лојално својата функција. Тоа ќе го почитувам. Меѓутоа се криете колеги пратеници.

Образложението што се обиде министерот за правда да го каже дека наводно не било возможно да се воведе нов услов е навистина смешно. Па токму пред неколку месеци Парламентот донесе закон со кој што се воведува нов услов за вршење јавна функција. Тоа го направивме Законот за лустрација каде што пропишуваме дека секој кандидат за јавна функција треба да даде изјава дека не соработувал со службите. Значи, почитувани пратеници, истиот модел, истата процедура предлагаме да се примени и сега. Секој кандидат за пратеник ќе даде изјава дека има само македонско државјанство. Изјавата ќе биде условена се разбира доколку лаже со негова оставка и таа изјава нотарски заверена влегува во правниот поредок и врз нејзина основа одлучува Државната изборна комисија. Значи, господине министре, немојте да ја лажете македонската јавност. И нормативно и процедурално оваа патека сме ја изоделе токму со Законот за лустрација. Ништо друго не бараме, туку истиот принцип да се примени и да се воведе нов услов за вршење на оваа многу значајна функција. Доколку не се прифати ова дополнително ќе се девалвира функцијата пратеник. Дополнително ќе се урниса и така малиот углед на Собранието и ве прашувам драги колеги ако ние не го воведеме тој принцип дека пратеник може да биде човек само со македонско државјанство, каква порака испраќаме до гласачите, до граѓаните на Република Македонија, дека луѓето членови на овој законодавен Парламент немаат доверба во сопствената држава. Тоа е поракатa. Сурова е. Сакале, или не, да го прифатиме тоа, тоа е вистинската порака. И затоа е таквата реакција на граѓаните, унисона реакција како за ниедно прашање досега. И ако навистина се оглушите од ова барање од граѓаните тогаш, што се вели како вие имате обичај да кажете Господ нека ви е на помош во понатамошното вршење на функциите на вашата владеачка коалиција. Инаку не се плашете, со законот се предвидува дека оние што веќе се избрани за пратеници имаат рок од 60 дена да покренат отпис од другото државјанство, што значи ќе можат да одлучат дали им е побитно да бидат пратеници, или им е побитно да имаат државјанство на некоја друга држава, така што вие господа колеги од ВМРО ДПМНЕ ќе можете и маркетинг да направите, ќе може и прес конференција да свикате на која што ќе кажете, јас тој и тој бидејќи сум голем патриот сакам да останам пратеник, се откажувам од другото државјанство. Значи може да остварите и добивка, политичка. Она што и денеска ми е чудно е што пратеничките клупи на најголемата опозициона партија СДСМ се празни. Навистина чудно е СДСМ да нема по вакво прашање став. Она што е уште почудно е тоа што ВМРО ДПМНЕ во објаснувањето на аргументите кои што не постојат за оваа иницијатива почна да ангажира експерти блиски на СДСМ. Вчера гледам на телевизиските екрани експерти на СДСМ објаснуваат зошто ВМРО ДПМНЕ не го прифаќа овој предлог. Многи чуден е македонскиот политички систем. Меѓутоа, граѓаните се тие што ќе го кажат

**Трајко Вељаноски:** Колега, или се експерти или се од СДСМ. Не знам како можат и експерти и од СДСМ.

**Јован Манасијевски:** Се надевам ќе ми ги додадете овие 30 секунди, а ќе ви објаснам, бидејќи и во Деловникот што го предложивте вие господине претседател кај работата на комисиите се предвидува да се ангажираат експерти блиски на власта и блиски на опозициајта. Значи, говорам стрикно по Деловникот, гопсподине претседателе. Тоа е норма што со Деловникот ја воведе парламентарното мнозинство. Значи, голема е паниката во ВМРО ДПМНЕ. Штом почнавте експерти од СДСМ да ангажирате да објаснат зошто не е добро пратениците да имаат само едно државјанство, драги колеги пратеници имате проблем. Јас се повеќе сум на мислење дека на нешто големо наидовме со оваа иницијатива, некоја голема болка скорнавме, бидејќи не верувам дека пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ за пет, шест пратеници би го жртвувала угледот на целата партија и угледот на Владата.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јавија господинот Павле Трајанов, Јован Гинев и Силвана Бонева.

Има реплика господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе.

Само накратко сакам да реплицирам, затоа што господинот Манасијевски покрена една

исклучително важна тема околу двојното државјанство, дали некој ако има двојно државјанство го губи правото да биде биран, или да бира. Мислам дека една сериозна научна теоретска расправа треба да се реализира. Но, за мене навистина е провокативно неговото тврдење дека шестмина и тоа од позицијата од ВМРО ДПМНЕ дека имаат двојно државјанство. Тој го има списокот пред себе, меѓутоа нема храброст да ги прочита. Би било добро ако е така, а јас се сомневам дека е така, да ги прочита кои се тие пратеници што имаат двојно државјанство, освен македонско и некое друго. Инаку мислам дека согласно меѓуанродните конвенции за државјанство апсолутно двојното државјанство е дозволено. Но, друго прашање е патриотизмот. Значи, не сакам сега да навлегувам во некоја поширока расправа. Добро е за тоа да се расправа во научните кругови, експертите по меѓународно право да расправаат се со цел да се види дали ако некој има две државјанства е помалку лојален на државата каде што престојува, односно повеќе на некоја друга држава. Инаку, на овој начин ако се забрани правото да биде некој биран со двојно државјанство, тука практично ние, нашите иселеници апсолутно ги елиминираме комплетно. Инаку процесите во Европската унија сосема се спротивни на тврдењата на господинот Манасијевски. Значи, бараме ние интеграција во Европската унија, а сега од друга страна притискаме на ограничувања на локално ниво итн. Но, во некоја друга прилика за тоа пошироко ќе расправаме. Затоа инсистирам и го повикувам господинот Манасијевски јавно да ги објави пратениците кои што имаат двојно државјанство, дали се позиција, или опозиција, би било добро да слушнеме дали е така, или е обид за манипулација со јавноста.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Господине Трајанов, се согласувам дека треба научна дебата, стручна. Меѓутоа, како за ниедно прашање за ова граѓаните се обединети, не сакаат функционер со двоен пасош. Јас сакам да ве прашам господине Трајанов вие бевте министер на премиер на оваа држава со два пасоши, дали се срамите од тој факт, ве молам да ми одговорите. Инаку, реков дека има 6 пратеници не од ВМРО ДПМНЕ, туку од вкупното владеачко мнозинство.

**Трајко Вељаноски:** Не кажавте така господине Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Се извинувам, тогаш се повлекувам. Значи, од владеачкото мнозинство има шестмина пратеници. А ништо полесно, токму тоа и го предлагам со овој закон. Дајте да кажеме дека услов за кандидатура е непостоење на двојно државјанство. Сите ќе потпишеме изјави, ако грешам најдлабоко ќе ви се извинам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Јован Гинев.

**Јован Гинев:** Ценет господине Манасијевски, навистина не можам да ве разберам која е причината што сте против изборот на пратеници од дијаспората. Тоа се Македонци кои живеат и работат во прекуокеанските земји и Европа кои не по своја вина ја имаат напуштено својата татковина, откажувајќи се од домашните огништа. Дел од нив беа политички прогонувани кои не можеа да се согласат со монистичкиот режим чии имоти беа конфискувани а дел од нив после политичката амнестија од 1967 година, од економски причини заминаа во прекуокеанските земји. И едните и другите се жртви на еден веќе минат тоталитарен режим и беа принудени да ги прифатат правилата на оние земји во кои живеат и работат. Сега вие ги осудувате нив зошто се таму и зошто имаат двојно државјанство. Наместо да им се извините за сите злодела кои им се нанесени од претходниот режим чии наследници сте вие. Јас на нив ќе им дадам апсолутна подршка за изборот на овој закон за избор на пратеници од емиграцијата, затоа што нивните интреси не може друг да ги претставува освен тие за нивниот начин на живеење во тие земји и за оние патриоти кои што сакаат навистина да се вратат да продолжат да живеат во сопствените домашни огништа.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека колегата пратеник ги помешал листовите. Овој амандман помина вчера, т.е. не помина, го одби владеачкото мнозинство.

Овде сакам да бидам уште попрецизен од принципиелни причини кои што многу добро ги образложив вчера, јас сум против гласањето на овој начин вака како што е предвидено. Меѓутоа, можете со едно многу ситно техничко дотерување и со еден амандман да го решите тој проблем . За овие изборни единици, изборната единица 2, 3 и 4 овој услов нема да важи. Значи, многу едноставно, немојте да измислувате причина за да бегате од главното прашање, граѓните на Македонија, гласачите на ВМРО, господине Гинев, не сакаат пратеници со два пасоши. Вие велите: Не, добро е во Макеоднија да има пратеници со два пасоши. И тоа ќе го изгласате денес. Владеачкото мнозинство ќе изгласа да имаме пратеници и функционери со два пасоши, со неприфаќањето на овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Навистина како пратеник веќе 7 години во Собранието на Република Македонија слушам говори од многу наши колеги. Меѓутоа се бројат на прсти луѓе кои што недолично се однесувале во овој Парламент, кои што неосновано ги обвинивале сопствените колеги. И симптоматично

е тоа што тоа се случува секогаш кога се ближат изборите, тогаш ЛДП или СДСМ, тоа беа политичките партии. Досега не беше тоа ЛДП, меѓутоа ме чуди што тоа го прави сега ЛДП, од ракав вадеа џокер кој што мислат дека многу ќе им користи на изборите, плукајќи врз својот политички противник неаргументирано, неосновано.

Затоа сметам дека претседателот на ЛДП треба да се извини, посебно на колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ затоа што јас тврдам дека прво, јас како Силвана Бонева, како член на пратеничката група и координатор на ВМРО-ДПМНЕ ќе потпишам изјава дека немам друг пасош, а верувам дека тоа ќе го направат и сите мои колеги. Незнам каде ќе отиде тогаш господиниот Манасијевски со неговите тврдења дека 6 пратеници од парламентарното мнозинство имале двојно државјанство. Каде ќе му паднат тогаш неговите тези дека луѓето од ВМРО-ДПМНЕ се помали патриоти од него само заради тоа што тој измислил дека неговиот политички противник може да го девалвира на начин како што пред малку тоа го правеше со измислување на приказни за двојни државјанства. Тоа го правеше во претходниот состав и СДСМ, тогаш кога се ближеа изборите и кога требаше да се девалвира политичкиот противник се измислуваа вакви нешта и затоа завршивме на суд. Мислам дека ова прашање конечно треба да го затвориме. Сосема е добар предлогот, јас го прифаќам, сите пратеници од сите пратенички групи да потпишат изјави дали имаат двојно државјанство или се само државјани на Република Македонија, да ги ослободиме, изборите кои се пред нас, од такви анатеми и да си тргнеме во процесот што пред нас не чека, да бидеме сосема релаксирани без вакви закачки едни со други. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Господине претседателе,

Сега навистина сум збунет од излагањето на госпоѓата Бонева испаѓа дека госпоѓа Бонева како координатор го прифаќа предлогот на ЛДП. Дајте да гласаме за амандман. Токму со амандманот нудам решение, госпоѓо Бонева. Ќе потпишеме во рок од 30 дена, така предвидува законот, изјави и ако во тие 30 дена сите потпишеме изјави, јас госпоѓо Бонева ќе се извинам во времетраење кое вие ќе го изберете, во 30 секунди, 10 минути, 30 минути, ако ми дозволи претседателот, ќе и се извинам на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, госпоѓо Бонева ако ве сфаќам консеквентно и го прифаќате амандманот. Само прифаќањето на овој амандман е решение кое ќе не доведе до чиста ситуација, ситуација каде што после 30 дена ќе можам да ви се извинам ако не сум во право. Меѓутоа, според отпорот што го пружате нема да е само да се 6-мина, изгледа се нешто повеќе.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитуван претседателе.

Кога го подготвувавме овој амандман, а веднаш на самиот почеток ќе кажам дека целиот овој сет на проекти не се однесува само на пратеници, но и за министри и за претседатели на Република Македонија зошто беше подготвуван пред да се одржат вонредните парламентарни избори. Очекував токму ВМРО-ДПМНЕ да дадае подршка на цела оваа иницијатива, затоа што од кого ако не од најголемите патриоти на политичката сцена на Република Македонија ќе дојде подршката за тоа функционерите на Република Македонија да немаат двојно државјанство, затоа што имате, почитувани колеги, точно предлог пред вас кој е во насока на тоа што вие го зборувате од почетокот на вашето дејствување на политичката сцена, а тоа е дека патриотизмот е најважната работа што треба да ја чувствуваме како граѓани, а особено функционерите во Република Македонија.

Особено вчера веднаш по дебатата, кога ја гледавме, како што кажа и претседателот, една според мене најконструктивните и најдобрите емисии во Република Македонија - Бел Бумбар, кога видов како, ќе го корегирам претседателот, 103 : 4 ЛДП за прв пат доби Бел Бумбар, очекував тогаш дека денес ќе дискутирате на тој начин затоа што и мојот син и неговите пријатели од градинката знаат кој се јавува во Бел Бумбар, зошто се јавува и за кого е намерата. Меѓутоа денес од сосема друга причина дискутирате поинаку. Јас ви тврдам дека доколку вчера разговаравте со вашата партиска база, со вашите пријатели, комшии, ќе добиевте сигнали дека овој амандман треба и мора да го прифатите. Ниту еден пратеник досега агрументирано не објасни зошто не треба да се прифати овој амандман на ЛДП. За нас е сосема јасно, за граѓаните е сосема јасно дека не може исто да се однесува функционер кој има едно државјанство, државјанство на Република Македонија или две или три државјанства. Ако сакате, очекуваме подршка, да бидеме и подиректни, токму од антикорупционерите. Впрочем да не заборавame од каде доаѓа актуелниот министер за правда затоа што тоа се елементите што треба да се сузбијат. Сосема е јасно дека поинаку би се однесувал министет кој има двојно државјаство ако знае дека за целиот криминал што го направил нема да одговара туку ќе си замине во земјата каде што има пасош, а ние овде нема да бидеме моќни сето тоа да го санкционираме. И, да не вадам многу имиња, особено тие кои пребегнаа кај нашиот северен сосед и кои до ден денес не можат да одговараат за своите зло дела од Владата на господинот Љубчо Георгиевски, затоа што се во Белград и затоа што се повикаа на тоа што имаат српско државјанство.

Она што сакам да го отворам на оваа дебата е зошто оваа тема стана толку интересна, поради кого и зошто е интересот во јавноста меѓу новинарите и меѓу политичките кругови господинот Љубе Бошковски. Токму поради примерот на господинот Љубе Бошковски политичките партии се позиционираат според ова прашање независно дали тоа е потребно или не. Така сепак на ВМРО-ДПМНЕ всушност му се допаѓа предлогот на ЛДП од тој аспект. Да, на тој начин ќе го елиминираме кандидатот кој може да ни направи и ќе ни направи најголеми проблеми на следните претседателски избори.

Другата партија пак СДСМ, не сака да го подржи овој предлог затоа што вели, чекајте, ова нас ни одговара. Зошто да не биде Љубе Бошковски кандидат па да ги намали гласовите на ВМРО-ДПМНЕ. Нас како ЛДП не не интересира дали тоа одговара на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ, на ДУИ, на ДПА итн. Нас не интересира и треба сите да ги интересира дали тоа одговара на Република Македонија, дали тоа одговара на интересите на граѓаните на Република Македонија. Впрочем, ако сакате, после оваа иницијатива, колку што јас имав можност да видам, господинот Љубе Бошковски најави дека ќе се откаже од хрватскиот пасош, што според мене покажа вистински патриотски чин, многу поголем од тој што денес го слушаме од патриотите од ВМРО-ДПМНЕ.

Ние имаме можност секојдневно да ги следиме изборите што сега треба да се случат во САД. Во САД можете да замислите, што ќе стане Обама или Мекеј да имаат двојно државјанство? Знаете дека во САД, бидејќи таму изборите сега се актуелни, не смеете да сте родени во друга држава, а камо ли да имате двојно државјанство и да се кандидирате на избори. Сега, мојот пријател од првите пратенички клупи на ВМРО-ДПМНЕ ми сугерираат некоја политичка мисла.

Добро госпоѓо Бонева, да ја отвориме дилемата дали вие во првата клупа имате пратеник, млад патриот, со двојно државјанство. Да ви кажам кое државјанство? Хрватско. Имате или немате? Ќе се јавите сега за реплика или нема да се јавите?

(Реакции во салата)

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, продолжете да зборувате по амандманот. Не би требало лично да одиме по пратеници и да не навлеземе во фаза во која мислам дека самите пратеници не би требало да се вреѓаме едни со други. До себа беше добра, конструктивна дискусијата и не би требало да навлегуваме во длабока фаза на изборна кампања.

**Андреј Жерновски:** Требаше да ја опомenete мојата колешка, координатор на ВМРО-ДПМНЕ, кога бараше имиња. Мене не ме интересира дали се тоа пратеници од македоскиот блок или од албански блок кои имаат двојно државјанство, бидејќи ги има и во албанскиот блок. Ако сакаме на дело да го покажеме сето тоа што го кажуваме цело време, тогаш треба да се прифати овој амандман и треба, кога ќе дојде предлогот од Владата на Република Македонија во врска за избор на претседател стриктно да пишува дека не може кандидат за претседател на Република Македонија да биде граѓанин кој има двојно државјанство. Тоа не смее да се случи во Република Македонија.

За крај, веројатно во оваа фаза нема да се прифати тоа, но кога ќе дојде моментот, кога на крај сите ќе се согласиме или мнозинството на пратеници, односно политички партии во ова Собрание дека ваков амандман и вакви решенија за избор на пратеници, за избор на министри и за избор на претседател на државата, можеби пошироко треба да се прифати, затоа што знам дека постои оваа иницијатива и после отворањето на оваа тема има засегнати министри, знам дека има засегнати пратеници, но тоа не треба да не интересира ако сакаме да донесеме нешто што и треба на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Се јавија господинот Оливер Шамбевски, господинот Игор Ивановаски, господинот Александар Николовски, господинот Владо Бучковски и господинот Цветко Грозданов.

Има реплика господинот Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Принципелно нема да навлегувам во тоа дали некој пратеник има или нема двојно државјанство итн. Нема дури ни да навлезам во тоа за мотивите на ЛДП за поднесување на овој амандман, дали е добар и сите прашања кои во моментот се отвораат кај многу колеги пратеници.

Сакам да ги прашам предлагачите на овој амандман и да објаснам дали со ова тие се обидуваат да ги загрозат основните човекови права кои патем ги гарантира и Уставот на Република Македонија односно правото да бира и да биде избра. Секој еден граѓанин на Република Македонија, дали правото што му го дава македонското државјанство, македонскиот пасош на овој начин сакаат на некого да му биде одземено правото да биде биран.

Второ, кои се побудите? Јас не сметам дека ЛДП е таква, но дозволете ми да го кажам тоа во интерес на дебатата. Имено какви се тие фашистички побуди на луѓе кои потекнуваат од мешани бракови чија мајка или татко е италјанец, хрват, германец, итн, еве јас имам лично пријател чија мајка е јапонка. Дали тој човек треба да се принуди да се откаже од тоа државјанство кое по род му припаѓа само заради тоа да може да си го оствари правото кое го гарантира Уставот на Република Македонија, да бира и да биде биран. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господиниот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван колега,

Се уште не можам да ја сфатам вашата дискусија и дискусиите на ВМРО-ДПМНЕ со сето она што го кажувате како патриотизам во Република Македонија. Да, знам дека има мешани бракови, меѓутоа синот или ќерката не знам за кого се работи, кој има мајка јапонка, ако сака да биде функционер во Република Македонија ќе мора да избере македонско државјанство. Тоа е тоа што го бараат граѓаните. Ви тврдам дека секоја дискусија што ќе ја водите вие и вашите колеги спротивна на оваа иницијатива нема да најде подршка.

**Трајко Вељаноски:** Ако сметате дека тоа е либерално толкување, некој да се откажува од државјанство, во ред.

Има реплика господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Комплетно во насока на почит прво на себе како пратеници, а после и на гласачите, ќе говориме стоечки од говорницата како најчесто го правиме.

Бидејќи бевме прозивани неколку пати би сакал да спомнам дека ваквата дебата конкретно и низ призма на овие амандмани, е непотребна и ирелевантна.

Ние денес расправаме за нов изборен законик од една многу проста и едноставна причина, а тоа се лошо организираните не фер и не демократски избори, од страна на претходната Влада, кои станаа деветти критериум. Како СДСМ влеговме во таа процедура за да се обидеме со наши сугестии и учество деветтиот непосакуван, а најнов критериум како што е буквата вАг во демократијата во секоја држава, да биде тргнат и елиминиран. Оттаму, кога имаме здрава и сериозна демократија, клучниот збор, првиот и последниот, го имаат гласачите.

Во нашиот Устав и законите пишува дека е забрането да се краде, па нашите политичари крадат, дел од нив. Притоа, тоа го прават тие со едно и со две државјанства.

Во нашиот Устав и закони има забрани и за крадење и лажирање на изборите, па нашите плитичари тоа го прават, овие од Владата. Во нашиот закон има многу забрани, но тие не се почитуваат. Притоа, клучниот критериум, дали се почитуваат или не, спред нас, не е државјанството, бидејќи секое прекршување на Устав, на закон, има име и презиме и санкцијата за тоа ја даваат граѓаните на избори. Или конкретно, дали граѓаните ќе изберат еден или друг кандидат или кандидатка за овие или оние избори се граѓаните. Затоа и постојат минимум ограничувања за кандидирања преку собирања на потписи, преку подршка на партија со соодветен број на пратеници. Затоа и постои цензус од 40% за да се докаже дека избор на еден кандидат за претседател не е обична или работа на која може да и се пристапи толку лесно и едноставно. Притоа, ако некој мисли дека треба да се кандидира и во тоа е убеден, нека повели, судот го даваат граѓаните. И обратно, ако некој мисли дека нема шанси да се подобро нека си седи дома. Конечно, оваа дебата во овој момент апсолутно не ни е потребна, бидејќи ако немаме верба во нашите граѓани дека знаат да ја донесат вистинската одлука, тоа не можеме да го преточиме со пишан текст на секој закон и со регулирање на секоја точка и запирка, бидејќи главниот арбитар, пак ќе повторам, е граѓанинот и граѓаните дефинитивно на овие избори ќе знаат да ја донесат вистинската одлука без разлика за кој кандидат се работи.

На крајот на краиштата во овој момент нема ниту еден кандидат за претседател на државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господиниот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Не реплицирам со вас , со Жерновски во правец со ова што е мој впечаток.

По неуспешниот обид на колегите од ЛДП оваа тема да биде дел од уставните измени сметам дека сега се пренасочуваме на погрешен колосек. Ја враќаме темата која пред се треба да ја уредиме со Уставот,

Второ, ако сакаме да иницираме дополнителни измени треба да го респектираме специјалниот закон, а тоа е Законот кој го уредува државјанството.

И како трето, се наметнува впечатокот дека сакаме на ситно да собереме поени од јавноста за некои колеги пратеници кои веќе не се овде. Значи, можевме да бидеме докрај доследни покрај оние неколку екскурзии кои ги правеше власта со одземањето на имунитет на пратеници меѓу кои бев и јас, можевме ние да поведеме постапка за одземање на мандатот на Љубчо Георгиевски, а не сега да го користиме дневно валкајќи ги другите пратеници и користејќи го сето тоа некој да стекне впечаток дека сакам уште сега да се вмешаме во евентуалната претседателска кандидатура на некои од кандидатите кои јавно дадоа изјави дека имаат таква намера. Јас не ја гледам продуктивноста, побегнавме од соочувањето со нашите проблеми, а тоа е дека немаме капацитет да спроведеме демократски и фер избори и наместо да говориме за цензусот која е забелешка од ОБСЕ и ОДИХР, ние сакаме сега да исправиме дел од наследените слабости. Јас сум за тоа, но не во оваа пригода. Значи, ние можеме да иницираме уставни промени по завршувањето на сето ова и да разговараме на оваа тема, бидејќи свесни сме дека во моментот кога е носен Уставот во 1991 година респектирана е реалноста дека ако не бил донесен ваков либерален устав половина од функциониерите меѓу кој првиот претседател на Република Македонија не би можел да биде избран. Но, се согласувам да расправаме по оваа тема, но не според мое мислење да го контаминираме она што е клучно, а тоа се забелешките на ОБСЕ и

ОДИХР и концентрацијата на начинот на кој ние спроведуваме избори. Инаку вака доврлувајќи во куоларите или јавно се доведовме во позиција да, условно речено, валкаме и дел од колегите или самите себе дека некој имал или немал двојно државјанство. За тоа говореше Бонева, немав право тогаш да се јавам, јас и Бонева сме повеќе од две години на суд да докажеме нешто што јас не сум го мислел во негативна конотација.

За мене, двојното државјанство некој што го ужива не претставува лојалност кон две држави. Така јас мислам, но вие либералите имате полиберални сфаќања од мене и сметате дека ова прашање треба да се истакне во јавноста врз основа на еден негативен пример. Од друга страна мора да бидеме свесни дека ова задира во рпавото на гласање на дијаспората и на оние три загарантирани мандати з кои претходно беше дадено зелено светло дека ќе учествуваат наши тројца иселеници од идниот парламентарен состав.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе на вашата конструктивност во Собранието.

Ме радува кога реплицираме со колегите од СДСМ од две причини. Првата е што укажуваме дкеа опозицијата може меѓусебно да се разликува и треба да се разликува, за разлика од паралментарното мнозинство кое што смета кога меѓусебно се реплицира тоа е ерс во Република Македонија.

Број два, да се согласувам, направена е грешка што не сме одземале мандат, па човек кој штоимал двојно државјанство и кој што го направил тоа откако бил премиер на Република Македонија. Иако, јас господинот Љубчо Георгиевски, господине Бучковски воопшто не го спомнав, така што јас не знам на кого реплициравте, меѓутоа не значи дека ако сме направиле грешка, да не ја поправиме грешката. На крајот на краиштата токму предлогот на ЛДП ќе ја поправи таа грешка. Очекував од вас и од претходниот колега да го слушнат ставот на СДСМ и ми го ускративте тоа право.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Очигледно е дека треба, оваа тема предизвика големо внимание, не само во Собранието на Република Македонија, туку и надвор од македонската јавност. Бидејки, ние сме избрани до народот, седиме во овие клупи, затоа што некој ни дал доверба, па треба да ги штитиме и да ги браниме интересите на народот. Треба да го слушаме гласот на народот и тоа да можеме да го имплементираме во законите, па дури ако има потреба ние Уставот го отвораме до сега икс пати и не гледам што би пречело за едно вакво суштинско прашање да се направи иуставна измена. Граѓаните, ќе повторам, на Република Македонија не сакаат функционери, не сакаат пратеници, не сакаат министри, а уште помалку претседател кој што има двојно државјанство. Ве молам, кога говориме овде на самиот почеток сакам да ги разграничам работите. Станува збор за функционери, зошто сакате работата да ја разводните и да анализирате до точка дека станува збор за секој граѓанин. Оној кој што не врши јавна функција може да има 2, 3 или 4 ако сака државјанства, ние не говориме така. Сега, фашистички побуди и не знам какви етикети да се лепат на ЛДП. Значи, говориме само за луѓе кои треба да ја водат државата, луѓе кои го добиваат мандатот од граѓаните. Токму поради тоа сметаме дека ова е многу клучно и суштинско прашање. Исто така, сака да се придодаде еден друг призвук дека не можат да бидат избрани претставниците, кандидатите од дијаспората. Па, кажа претседателот на ЛДП дека тоа е технички проблем, да се каже дека тоа не важи за оние тројца пратеници кои ќе бидат од дијаспората. Иако ние, го повторувам нашиот став, сметаме дека во овој момент Република Македонија не е подготвена за да гласа дијаспората. Впрочем ќе видите и понатаму со следните амандмани кои следуваат поднесени од парламентарното мнозинство дека во овој момент не се подготвени да гласа дијаспората. И, сега, навистина не гледам зошто сакаме да избегаме од клучното прашање, дали може, ја суште еднаш се обраќам до пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, до СДСМ, ДУИ и ДПА дали сметаат дека е во ред личност со две државјанства да може д аобавува јавна функција. Некојспомнува Европа, па каква Европа почитувани колеги, вие знаете дека јас ја спомнав Германија и не е Германија единствена земја, таму не може никој да има два пасоши. Може да иам само германско државјанство. Нашите луѓе кои што, говорам за обичен граѓанин, а камо ли човек што врши јавна функција и нашите граѓани кои со години се таму и кои имаат земено германско државјанство се принудени да го вратат македонскиот пасош. Затоа, ве молам кога говориме нешто, да говориме аргументирано, да не се понесуваме од емоциите и популизмот и да отвораме теми кои што се однесуваат на тоа кој е поголем патриот. Патриотизмот не се докажува со викање на митинзи, со веење на знамиња со ѕвездата на вергина и со тоа да тврдиме дека сите сме од Александар Македонски и народот веќе навистина да му ја полниме со се и сешто и да кажеме дека прв пат ги откриваме локалитетите кои што веќе 50 години се истражува на нив и тоа е основата на патриотизмот. Не, почитувани колеги, патриотизмот се мери со тоа кога ќе имаме вакви решенија, како што беше Законот за лустрација кој што беше донесен со консензус од сите пратеници. Јас очекував дека и овде, без разлика на она што се случувало во Клубот на пратениците, можеби ова прашање ете во сите тие заложби да се дојде до заедничко решение

сте го пропуштиле, па очекував дека кога го предложи ЛДП ќе свикаме една координација, како што рпетседателот прави, ќе свика коордианција и ќе се договориме, ќе кажеме да треба да изградиме консензус на еден ваков амандман да се потпишеме сите пратеници. Затоа што, ќе повторам, навистина ова го кажа ЛДП,но наиде на прием кај граѓаните. Граѓаните кажуваа дека не сакаат да имаат пратеници министри и претседател со две државјанства. Па, имате доволно пари, трошите еден куп пари на реклами, направете уште една анкета како овие што ги правите од Институтот за демократија и не знам кој таму, како што ги рпашувате граѓаните за други работи кој е популарен, кој е помалку популарен направете анкета и поставете го прашањето, дали вашите избрани функционери, пратеници, минситри и претседател на држава сакате да имаат две државјанства. Не само што не се покажува лојалноста кон државата, туку со тоа се кажува дека не се сигурни тие во својата држава и дека секогаш имаат резервна држава. Верувајте, направете една анкета без дополнителниве прашања кои што сега ние ги отвораме,нема да имате ништо помал процент од оној процент што го ужива подршката за влезот во Европска унија и НАТО. Јас очекувам дека туканекаде ќе биде. Сигурно дека ќе биде над 80% или исто толкав процент и поголем колку што имаме за промена на уставното име. Значи, тоа е суштинско прашање, не говориме сега за ова дали ќе бидат двајца членови во избирачките одбори од партиите или ќе бидат од јавната администрација. И тоа е важно. И тоа е суштинско, но за ова прашање, почитувани колеги се гради консензус. Не е местото да се бега од одговорноста, не е место да ги вртиме главите, не е место ниту најмалку меѓу себе да се обвинуваме ако веќе не ги знаеме или ги знаеме некои од пратениците, барем за министрите ни е јасно, кој има две државјанства. Не само што ни е јасно дека имаат две државјанства, јасно ни е и нам и на македонската јавност дека им ги одржуваме имотите во другите држави и ги плаќаат. Сега, што ќе се случи ако некои пратеници со двојни државјанства имаат имоти надвор од Република Македонија и тие ќе ги одржуваме и ќе ги плаќаме. Но, ова е сега ајде малку да се излезе надвор од тоа што е можеби најсуштествено, но ве молам почитувани пратеници без разлика од која политичка партија сте, сериозно да се замислите и да го пдоржите овој амандман. Тоа е барање на граѓаните. Кога го предложивме, да бидам искрена, и ние не очекувавме дека ќе наидеме на толкава подршка. Сигурно, да сакавме да ги трошиме парите, ама и да сакаме не можеме на народот како вие што ги трошите, ќе направевме една анкета па ќе гоимавме резултатот. Направете една анкета и видете што ќе кажат граѓаните. Тогаш, ќе кажете ние го почитуваме гласот на народот, нели ВМРО-ДПМНЕ е партијата што за се го прашува народот, а прашајте ги овој пат да видите што ќе ви одговорат. Мислам дека ќе го кажат она што гокажуваат и пратениците на ЛДП. Токму поради ова во името на народот, во иемто на оние што ве избрале очекувам да дадете подршка на овој амандман. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Јас ќе говорам во името на разумот, а во името на народот сите се повикуваат и зборуваат во името на народот, па дојдовме до ова дереџе.

По дефиниција малите држави како што е Република Македонија се многу полиберални во овој дел на ограничувањата. Ќе ви дадам два примери на мали држави како Македонија.

Првиот Литвански министер за одбрана немаше Литванско државјанство. Претпоследната минситерка за надворешни работи на Грузија немаше Грузиско државјанство. Првиот министерот за одбрана беше Американец, министерката за надворешни работи беше француѕинка. Кога ја поканија да и служи на државата Литванија и Грузија и дадоа државјанство. Значи, јас немам дилеми дека имаме видни македонци кои ќе треба да ги поканиме и кои се по потекло македонци кои и служат на државата. Не мислам дека таков беше Ташковиќ или дека сега се такви овие што ги донесоа Мизо, Бизо, тие не мислам на такви. Но, има такви што треба да ги поканиме и не треба сега да направиме исклучок од правилото што генерално треба да го почитуваме. Едно е некој д аима македонско државјанство и после тоа од икс причини да земе друго. Е, сега, ние тоа го вулгаризираме и со популизам ќе победиме дури до кое дерџе дојдовме опозицијата да го користи вБел Бумбарг и да каже, па ние можеме да го запалиме народот и да речеме ајде сите, сега втора варијанта што имаат ќерки или синови што Ќе имаат грчки снаи и зетовци кои ќе бидат исто така неподобни, како што ја тераше кампањата Груевски против двајца наши коелги. Не бива таа работа, дајте да се вратиме на клучниот проблем. Имаме ли капацитет да се согласиме со власта и да организираме фер и демократски избори. Ние се фативме, условно речено, во овој момент за работа когга ќе ги погледнеме компаративно искуствата, не и одат воприлог на Република Македонија. Мали држави како Република Македонија со дваипол милиони граѓани,независно колку сме етнички Македонци, колку Албанци бараат поголем капацитет да им понудат функција затоа што и во минатото и сега ќе мора да го вратиме угледот на избраните функционери. Тоа им го предавам јас на моите студенти. Порано сите тие избрани или именувани функционери биле хонорарци, било хонор или чест да се извршува функција во име на државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам .

Почитуван претседателе,

Почитуван колега Бучковски, навистина мислам дека нашата заложба на Република Македонија е Европската унија и јас повеќе се поведувам од тоа да ги земам примерите од повеќе земји на Европската унија кога правам компаративни искуства, вие сте професор и знаете како тоа се работи. Меѓутоа, сум изненадена од еден друг факт. Најмалку што очекував од вас да го рехабилитирате поранешниот рпемиер Љубчо Георгиевски и да не зборувам останатите кои украдоа доста пари од оваа држава и сега се наоѓаат на безбедно во Србија и некоја друга земја. Токму за тоа говориме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Еден добар дел од она што намеравав да го кажам, господинот Бучковски го кажа. Сега, јас само ќе кажам зошто јас по ова прашање се колебам. Јас мислам оти ова прашање, треба да биде проучено, да ги мине сите фази на проучување па и јавна расправа, па после ако може да дојде овде на дневен ред, сега тоа е како амандман дојдено и мислам дека не ги исполнува условите да можеме да го прифатиме сега. Инаку морам да ви кажам зошто се колебам.

Македонскиот народ е меѓу малите народи во Европа и има лоша судбина и еден добар дел од него од разни причини излегол надвор и надвор се формирал, и има разни луѓе кои таму имаат државјанства и високо котираат, многу голем углед имаат таму и моќни се. Зошто на пример нам да ни смета двојното државјанство на господинот Мајк Зафировски. Ако пристане да биде министер, претседател на држава, не знам што да биде и т.н. на сите овие прашања треба да си имаме одговор. Ако на сите прашања такви немаме одговор туку имаме само еден пример кој земал државјанство и имал само едно државјанство, само македонско државјанство даречеме додека бил премиер, а после земал друго државјанство не го решава овој проблем тоа. Ова решение таквите проблеми не решава, јас не знам можеби и други што се сега претседатели на Собрание, претседатели на Влада, претседатели на држава, можеби ќе си земат други државјанства после. Може да се случи тоа. Но, со ова тоа не го решаваме ние. Затоа мислам оти не можеме вака од ентузијазам тоа прашање да го решаваме, мора добро да го проучиме и да ги слушаме сите луѓе што нешто повеќе знаат стручно за овие работи од сите аспекти, па да ни стане и нам јасно во какви се ситуации можеме да паднеме и дека ќе биде целата таа работа корисна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе,

На почитуваниот колега Андов, му благодарам за подршката, јас така ја сфатив неговата дискусија, меѓутоа морам да кажам дека има услови, условите се исполнети, ние тоа го сметаме и 17-ет годишното искуство што го имаме зад нас упатува на тоа дека сега е време да донесеме еден ваков амандман кој што ќе биде почеток и на измени и понатаму значи и кај другите функционери, односно во Законот за Владата и т.н., на сите оние кои што довербата им ја даваат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Николовски Александар.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал да реплицирам, се воздржав претходно да реплицирам на колегата Жерновски, но за жал е во иста насока, не можам да разберам неколку работи. Не можам да разберам како Либерално демократска партија е подесна од центар десна партија. Овие говори што ги имавте да бевте екстремно десна партија, па да ве разберев, ама Либерално демократска партија, да вака настапува, се извинувам еве и јас ќе придонесам за растење на вашиот рејтинг. На овој начин рејтингот не се крева. Или ако сакате на овој начин да ви расте рејтингот ќе треба да седнете на друго место и да си ја смените идеологијата од централистичка да ви стане естремно десна, па да се дружите со партијата на Хајдер, со Лаос во Грција и слични политички партии, со овие во Баскија, со Ета и т.н. и да разговарате на слични теми, зошто од прилика тука така ви се ставовите. И затоа не можам да ве разберам за начинот на кој што настапувате во македонскиот Парламент, и за тоа како се обидувате меѓу другото ги навредите колегите. Секогаш во политиката има дно, но не можам да разберам кој е мотивот што толку ниско се оди во политиката само со цел малку и малку да се поправи рејтингот. Значи има некои граници од кои што не се може и има некои правила дури и во политиката под кои што не се може. Се извинувам, но денес ги поминавте сите.

По однос на она што го зборувате, генерално во правото, државјанството се стекнува на неколку начини. Според родителите, според крвта, според местото на раѓање односно почвата на раѓање и по стекнување. Македонија е мала држава и ги има имплементирано овие одредби, така што со промените кои што ги имавме во законикот, после определен број на години можете да добиете државјанство, иако не сте родени во Република Македонија.

Значаен дел од историјата на Македонскиот народ е историја која што е печалбарска, која што има значајна емиграција меѓу другото и политичка помеѓу двете светски војни кога биле бркани од Егејска Македонија, од Пиринска Македонија, од

Вардарска Македонија од 1945 до 1990 како политички и економска, се извинувам, ама не можете на ниеден од тие луѓе да им забраните утре да се вратат да го зачуваат државјанството кое што го имале и да настапуваат тука заради тоа што избегале од тука затоа што не им било добро, политички или економски и сега сакаат да се вратат и да допринесат. Да не зборувам за тоа што различни држави согласно на ова што го кажав имаат различни права и може по некоја случајност да имате друго државјанство. Така што останувам со горчливиот впечаток да дискутирам, затоа што денеска имавме дебата под сите нивоа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Господине претседателе, бидејќи вие сте претседател на сите парламентарци и ќе бидете само претседател на одделна група овде. Ќе прекинете пратеник кој што зборува за нивото, кога партија во ова Собрание не споредува со Хајден, кој што има етикета профашистичка или за Баскијците итн. Тоа е нивото на овој млад колега, за жал, млад, а веќе со такво ниво, кој што вие мора да го прекинете. Затоа што со вакви дискусии од вас зависи дали ќе се одвиваат во Собранието или не. Ако вие дозволувате некоја партија да се етикетира и вчера да се употреби и сега да се употреби изразот фашизам, тогаш тоа оди на ваша сметка. Така да бидете претседател на сите парламентарци овде.

**Трајко Вељаноски:** Јас сум претседател нормално на сите овде, мислам дека и вчера и денеска се употребуваше една политичка партија во одреден контекст. Но сепак, треба да водиме сметка при употребата на името на некоја политичка партија и доведување во контекст со други политички партии.

Контра реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Почитуваниот колега наместо да кажува кој каде треба да седи во пратеничките клупи, најдобро ќе биде тој да си седи на своето место и да ги следи дискусиите барем на оние што сакаат да реплицираат. Очигледно или не слушал или не разбрал.

Почитуван колега, не зборуваме за граѓаните. Граѓаните можат да имаат колку сакаат државјанства. Зборуваме за избрани функционери и немојте повторно со вашите пополизми да го лажете народот и да кажете дека нешто зборуваме за обичните граѓани кои што можат да имаат и едно и две и три државјанства. Говориме за оние што треба да ги извршуваат функциите пратеник, министри на Република Македонија и Претседател на држава. Ако некој се наоѓа лично засегнат, личните работи ќе ги оставиме за надвор, а овде треба да бидеме онакви како што граѓаните сакаат од нас. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓица Ермира Мехмети, повелете.

**Ермира Мехмети:** Ви благодарам господине претседател,

Морам да интервенирам накратко, сосема принципиелно заради колегијалноста, и се разбира, заради коректноста помеѓу пратениците во моментот кога ќе се почувствува дека се губи нивото на расправата и некако се става под знак прашалник и односот меѓу пратениците тука.

Како и да е, сакам да декларирам и да изјавам прашањето на двојното државјанство и имањето на два пасоша од други држави, не е прашање кое што во секој случај ги засегнува интересите на избраните функционери во ДУИ. Ова го велам со целосна одговорност, дека функционерите и пратениците на нашата партија немаат двојно државјанство и би ве замолиле во идните дебати и расправи да не се повикуваат како дел, или пак како дел од групата на функционери кои што би можеле да имаат лојалност, евентуално, кон некоја друга држава, или како што се кажува друга татковина. Тоа е првото.

Второто, што се однесува на граѓаните, имам впечаток дека природата на оваа расправа и работите што беа кажани тука не водат кон една констатација. Прашањето на државјанството за некого во Македонија било привилегија, да не кажам луксуз, додека за некој друг, елементарен недостаток. Овде мислам на граѓаните, или пак нашите сограѓани Македонци, кои што имаат македонско државјанство и заради привилегијата на некои разни природи, или пак луксуз, можат да имаат и бугарско државјанство. Во меѓувреме моите сограѓани Албанци, кои што јас ги застапувам, за жал, сеуште се соочуваат со многу процедури за стекнување на државјанство на Република Македонија, како основен предуслов за реализација на нивните права на глас. Значи правото за излегување на избори или правото за кое што зборуваме денес. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска**: Благодарам почитувана колешке,

За вашата конструктивна дискусија која ја сфаќам како поддршка и очекувам дека поддршката ќе ја дадете при гласање на амандманот. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 53 пратеници, за амандманот гласаа 4 пратеника, воздржан 1, против гласаа 48 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата беа присутни 73 пратеници.

Со оглед на тоа, гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратниците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12, поднесен од пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе, Владата не го прифаќа амандманот за бришење на членот 12 од Изборниот законик, поради тоа што Државната изборна комисија се грижи за спроведувањето и подготовката на законитоста на изборниот процес. Токму во членот 12 се уредува начинот на кандидатите за изборот на претседателот и членовите на Државната изборна комисија. Сега со членот 11 се менува мандатот на членовите на Државната изборна комисија, со тоа што претседателот на членовите на Државната изборна комисија ќе се избираат секогаш после одржувањето на конститутивната седница на Собранието на Република Македонија во рок од 60 дена и не за пет години како што беше досега, туку за време од 4 години. Мислам дека ова што се наведува како причина за поднесување на овој амандман како образложение, мислам дека решението што е содржано во законот е резултат на постигнат политички консензус на релевантните политички субјекти во Република Македонија за избор на претседател и членови на Државната изборна комисија. Мислам дека со оглед на поднесениот амандман, наместо да се толкува овој амандман како гаранција за законитоста на спроведувањето на изборите, бидејќи рековме дека е постигнат целосен политички консензус тој нема да се толкува како партизација и се наведува како аргумент дека тоа било во дел од препораките од ОДИХР и ОБСЕ. Мислам дека таква препорака од ОДИХР и ОБСЕ во препораките што се содржани после одржувањето на предвремените парламентарни избори, не е содржана, туку напротив, во препораките е содржана една одредба, една точка, во која што се наведува дека треба да јакне капацитетот на стручната служба на Државната изборна комисија, а не се впуштаат во тоа каков ќе биде составот на Државната изборна комисија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јавија господинот Андреј Жерновски, Јован Манасијевски и господинот Николовски Александар.

Има збор господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе што ми дадовте овој пат збор, го почитувам тоа и мислам дека од време на време ќе се случува тоа. Очекував од министерот за правда да ни елаборира став за или против зошто не се прифаќа или се прифаќа некој амандман. Суштината беше ниту мандатот како што слушнавме, ниту беше договорот кој што е постигнат со консензус итн. Суштината е партизацијата, на крајот го погодивте, што е во спротивност со препораките на ОБСЕ и ОДИХР ако сакате што е сосема спротивно со она што го бара Европската комисија, односно Европската унија од нас. Тоа е точно што мислам, бидејќи се работи за спротивности кој што ме чуди со каква леснотија се применуваат кога се предлагаат закони во Собранието на Република Македонија, особено од страна на Владата.

Почитуван министер, во досегашното решение, тука ќе се обидам да бидам јасен, мислам дека е толку е прецизен, што очекувам поддршка од сите пратеници.

Досегашното решение во членот 27 гласеше: вод кандидатите на предлгот на листата, политичките партии во опозиција предлагаат претседател на Државната изборна комисија, а партиите на власт предлагаат негов заменикг. Во превод, значеше дека само двајца функционери, односно двајца членови од Државната изборна комисија се под директна препорака, односно предлагање на политичките партии на Република Македонија. Што е, ќе се согласите партизација дефакто, затоа што имате вие на Државната изборна комисија која што треба непартиски да дејствува во Република Македонија и ги имате двајцата први, односно претседателот и како што е наведено сега во сеуште актуелниот текст неговиот заменик. Сега, вие предлагате не само да ја задржиме тенденцијата која што ја имавме, и која што се бараше од нас, Владата предлага дополнителна партизација на Државната изборна комисија, или ако сакате и 100% партизација. Затоа имате предлог кој што сега гласи: вод кандидатите на Предлогот на листата, политичките партии во опозиција предлагаат претседател и двајца членови од Државната изборна комисија, а тоа не е доволно, а партиите на влас заменик претседател и тројца членови на Државната изборна комисија. Дали ме разбирате. Во превод, комплетната Државна изборна комисија е партизирана, доколку се изгласа нашиот амандман, заведено со закон во Република Македонија. Велите дека сте ги

прочитале препораките на ОБСЕ и ОДИХР, кои што се специјално наменети за овие избори. Во сите препораки од страница 29 и натаму, препораките што не интересираат, произлегуваат од целиот текст за досега најлошо организираните избори во Република Македонија. Духот на сите препораки е независноста, независноста, независноста на Државната изборна комисија. Ако сакате, погледнете го членот 8, за да може да се обрне внимание за што побрзо пополнување на местото во Стручната служба на Државната изборна комисија, за да може во целост да функционира како независен орган господине министер. Дали вие сметате дека со предложениве закони и со оваа одредба, вие ја профилирате Државната изборна комисија како независен орган.

Понатаму, член 13 објаснува за тоа дека Државната изборна комисија треба да има буџет и дека со тоа сите се согласуваме и на крајот вели дека ова ќе биде од исклучително значење за обнова на довербата на гласачите. Повторно во насока на она што го дискутираме цело време. Оставете ги вие партиските симпатизери, послушници итн. Дали мислите дека довербата на граѓаните ќе се зголеми кон Државната изборна комисија, кога ќе разберат дека всушност, е составена исклучиво од предлозите на политичките партии во Република Македонија и во тој контекст и завршува при изборната кампања. Вели: во членот 21 повторно сме кај препораките кај ОБСЕ и ОДИХР, треба да постои разлика меѓу улогата и функционирањето на државните и партиските органи. Ние со овој предлог, ако не го прифатите амандманот, почитувани пратеници, сега се обраќам на пратениците, ние правиме парекселанс партиски орган, односно орган составен од членови кои се директно најтесно предложени од партиите во Република Македонија. И ова е сосема во спротивно со онаа тенденција која што ја имавме по политички партии со консензус пред одржувањето на парламентарните избори 2006 година, кога договаравме дека и не се согласивме дека тогашната коалиција, кога ние бевме на власт бараше да се исклучи предлагањето од страна на политичките партии во изборните комисии, ВМРО-ДПМНЕ не се согласи, па го имавме овој сеуште актуелен предлог со некаква комбинација, меѓутоа, наместо тенденцијата да биде онаква каква што беше тогаш поздравена од страна на нашите пријатели од Брисел, сега си оди со комплетна партизација на Државната изборна комисија, што мене како пратеник и нас како Либерал демократска партија не може на ниту една основа да ни укаже доверба кон Државната изборна комисија или како тоа Државната изборна комисија во Република Македонија сакаме да функционира како независен орган.

На крајот на краиштата, сметам дека ова е сосема спротивно со она што во извештајот на Европската комисија го имавме како критика во Република Македонија, сеуште актуелниот, ние го очекуваме за една недела до десет дена, каде што директно ни беше укажано дека во Република Македонија се врши партизација на државните органи.

Ова што денеска го предлага Владата, доколку го усвоиме како пратеници, всушност ќе биде спротивно и на препораките на ОБСЕ и ОДИХР и спротивно на препораките односно конструктивните критички забелешки кои што ни беа дадени од страна на Европската унија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе, сакам да го изразам своето чудење, негодување за тоа што се предлага најрадикална партизација на овој клучен орган за спроведување на изборите. Се одбира сосема погрешна насока за развој на независните регулаторни тела. Тоа господине министре во двата изминати извештаи на Европската унија, а ќе го имате според моите сознанија во овој на 5 ноември, една од најсериозните забелешки на Владата е тоа што континуирано ги загрозува регулаторните независни тела во сите сфери на општествениот живот кој што тие тоа треба да го регулираат. Наместо и овие двајца функционери од седумте на Државната изборна комисија да се департизираат, вие ги партизирате сите седум, на најбрутален, најбезобразен начин. Со тоа уште еднаш ја покажувате на дело политиката на вашата Влада да се партизираат сите органи и целата администрација. Повторно да кажам, ме чуди што поддршка во тој свој напор добивате од опозиционите партии. И ова што денеска го гледаме, особено дискусијата на поранешниот премиер Бучковски, всушност, ја покажува бедата на парламентарната демократија. Направен е пат меѓу политичките елити на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ за рехабилитација на сите валкани работи. Јас не можам да се согласам со рехабилитацијата на Љубчо Георгиевски. А тоа го направи тука пратеникот Бучковски. И навистина, не можам да разберам пратениците кои што дискутираат на тој начин, дали всушност ние бевме заедно избрани на листите на Коалицијата вСонцег пред неколку месеци. Дали Коалицијата вСонцег се залагаше за рехабилитација на политиките на Љубчо Георгиевски. Ја слушнав госпоѓата Шекеринска, која што беше лидер на Коалицијата вСонцег пред некој ден и апсолутно сум согласен со она што го кажа. Меѓутоа, за жал, гледам други тонови преовладуваат во СДСМ. Мислам дека редно е колегите од СДСМ да ни објаснат, ако се откажуваат од клучните политики на Коалицијата вСонцег. Коалицијата вСонцег настапи со јасна програмска платформа. Таму немаше ни збор за рехабилитација на Љубчо Георгиевски за дозволување на двојни државјанства, за влегување на голема варата на корупцијата и

неодговорноста што дефакто се предлага со овие прописи.

Драги колеги, партискиот договор што е направен во Клубот на пратеници е секако форма на дискусија на координација и како таква ја почитувам. Меѓутоа, тој не може да биде против основните принципи на демократскиот систем, против основните принципи на градење независни тела, против основните принципи на развој на институциите. Со ваквиот предлог наместо да ја развивате Државната изборна комисија, вие ја правите легло на партиски војници. И не е инцидент и во наредниот случај со избирачките одбори таа тенденција продолжува. И драго ми е што гледам дека и пратеници од владеачкото мнозинство имаат амандман во таа насока и јас ќе го поддржам тој амандман на колегата Трајанов, кој што е во таа насока.

Меѓутоа, значи оваа насока е целосно погрешна и верувајте не треба да се биде пророк да се види дека можеби уште во овој Извештај на Европската унија ќе влезе и ваквото лошо решение во Изборниот законик. Сите 7 членови на Државната изборна комисија ги правите партиски војници. Сите 7 наместо да размислуваат со своја глава, ќе се јавуваат кај лидерот на ВМРО или на СДСМ за да прашаат како да гласаат по одредено прашање. Тотално ја разнебитувате државата. Од сите аналитичари на политичкиот систем е сосема исправно кажано дека во хетерогените општества како што е македонското, клучен столб на одржување на системот е администрацијата. Неместо да ја јакнете администрацијата нејзината независна улога, нејзината поставеност во системот на независен ентитет, вие со секој нов предлог ја одместувате. И така нема никаде да стигнете. Така, внесувате уште поголема поделба на нашиот политички систем и по партиска и политичка основа. Ова општество, овие инситуции, оваа администрација ја правите партиско ѓубриште. И тоа е недозволиво господине министре, и тоа е недозволиво бидејќи тука можеби вие не сте највиновен, затоа што само операционализирате договор, ова повеќе се однесува на лидерите на 4-те партии кои што направија ваков срамен договор. Со овој договор нема ништо од независност на Државната изборна комисија. Ќе се најдат заслужни партиски членови што ќе судат според наредбите телефонски на своите претседатели. Како тоа изгледа имавме прилика да видиме и од сегашниот претседател кој е партиски именуван, на Државната изборна комисија, кој што не почитувајќи ниту една норма, ниту закон, кажа дека него може да го смени само Никола Груевски. Без разлика што Парламентот го избрал. Е сега, вие наместо да санкционирате такво непочитување на Парламентот и непочитување на законите, вие всушност им давате право на сите 7 членови на Државната изборна комисија да кажат: што ме интересира што се дискутира, мене партискиот лидер ми нареди да гласам вака или онака. Тотално урнисување на нашиот политички систем и на нашите институции.

Драги партиски лидери на 4-те партии, никој не ви дал право, а вие господине министер, како министер во Владата треба да укажете дека без разлика што е постигнат ваков договор, тој е против клучните норми за изградба на демократско општество. Треба да предупредите на тоа, тоа ви е основна задача и за тоа сте дале заклетва. Вие сега сте соучесник во еден процес на натамошно крајно деградирање на македонските институции. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Петров Андреј.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Би сакал да истакнам дека Социјалдемократскиот сојуз не ги профилира своите ставови во зависност од тоа дали некоја личност имала вакво, или такво државјанство и ставот на СДСМ е јасно истакнат, тоа дали некој од пратениците од СДСМ имал свое мислење по одредено прашање, сепак е одраз и на демократијата внатре партиска која владее и не е зло, дури мислам дека е и добро меѓутоа не може врз база на тоа што некој човек имал двојно државјанство ние врз база на тоа сега да градиме цел концепт и уредување кое во иднина може да предизвика и штетни последици по државата како што беше истакнато во обраќањата на некои од колегите. Инаку што се однесува до она што беше истакнато околу јакнењето на капацитетите на Државната изборна комисија ние мислиме дека во прилог на забелешките на ОДИХР, сосема сме подготвени да го дадеме својот придонес за администрацијата во Државната изборна комисија да биде што попрофесионална, непртиска, стручна и да може изборите да ги води на начин со кој граѓаните на Република Македонија ќе бидат задоволни и на еден достоинствен начин ќе бидат презентирани и водени овие работи.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Јован Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Почитуван колега Петров, од ова што го кажавте сосема јасно произлегува дека СДСМ исто како и ВМРО ДПМНЕ дал потполна согласност на целосна партизација на Државната изборна комисија. Јас говорам дека и јас и вие како кандидати на коалицијата вСонцег тоа не го говоревме на нашите митинзи. Ние говоревме дека коалицијата вСонцег ќе се залага за независност, департизација, деполитизација на клучните функции и клучните институции во оваа држава. Вие според ова што го кажавте и потврдивте и според она како што ќе гласате, вие сега одите во спротивна насока. Јас само го изразувам своето мислење дека граѓаните кои што гласаа за нас не ни дадоа поддршка да ги партизираме институциите. Напротив, ни дадоа поддршка да ги одбраниме институциите од радикалната партизација што ја врши Владата на ВМРО ДПМНЕ.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Во однос на амандманот сосема кратко би сакал неколку работи да истакнам. Имено, променетиот член 27 став 4 гласи: од кандидатите на Предлогот на листата на политичките партии во опозиција предлагаат претседател и двајца членови на Државната изборна комисија. Партиите на власт предлагаат заменик претседател и тројца членови на Државната изборна комисија. Практично ова е едно малку модифицирано решение од тоа што го имавме претходно според кое што претседателот на Државната изборна комисија исто така го предлагаше опозицијата, но имаше мандат пет години. И целта и на тогашните решенија и на ова решение кое што го имаме сега е практично опозицијата да добие целосна контрола врз изборниот процес, односно партиите кои што се во опозиција кои што по дефиниција имаат шанса за помало влијание да можат директно да го мониторираат изборниот процес. Имено, сосем е возможно во држава како што е Република Македонија и ние мораме да зборуваме за тоа отворено, држава која што сеуште ги гради своите институции влијанието на власта врз јавната администрација е значајно. И ние мораме за тоа да говориме отворено. И затоа се такви какви што се препораките на ОБСЕ и ОДИХР. Тоа е така, може да ни се допаѓа, или не, но фактите се тие. Во овој момент од развојот на демократските процеси во Република Македонија најефективниот начин да имаме сигурен изборен процес, односно изборен процес без манипулации е опозицијата практично да го има првото место, односно да го има водечкото место во Државната изборна комисија што и дава прилика на директен начин да раководи со изборите и уште повеќе на директен начин да го мониторира процесот на одвивање на изборите и тоа е позитивно искуство кое што го имавме и во 2006 година и во 2008 година. Да потсетам, дека инцидентите кои што ги имавме ние на последниве избори, за жал мислам дека никогаш повеќе нема а се повторат, не беа причина на тоа што претседател на Државната изборна комисија беше постојниот господин Јосифовски кој што беше предлог на ВМРО ДПМНЕ како тогашна опозиција, туку се случија на друго место и Државната изборна комисија во ниеден момент практично не беше причинител на она што беа главни инциденти, инцидентите се случија на друго место и за тоа најмногу беа одговорни други органи. И по дефиниција манипулациите на изборите се случуваат најчесто во изборните комисии на избирачките места, дури не стигнува ни до општинските изборни комисии, заради тоа што најзначаен дел од манипулациите се случуваат на самото избирачко место. Се понатака е процес на жалби, на усвојување на тие жалби, на препознавање на вистината, но проблемите не настануваат ниту во Државната изборна комисија, ниту во општинските изборни комисии. И ова би го поврзал исто така со следното решение кое што се предлага, а тоа е во државните изборни комисии, да се врати условно кажано старото правило политичките партии, односно власта и опозицијата да имаат свој пртставник. И тоа беше исто така препорака на ОБСЕ и на ОДИХР. И тоа е добро од едноставна причина што во овој момент избирачките одбори беа составени од претставници на јавната администрација, а политичките партии имаа свои набљудувачи. Условно кажано во ризичните средини во кои што се случуваа досега инцидентите, мотивот на изборната комисија која што беше на избирачкото место да не се дозволат инциденти скоро да беше рамен на нула заради најразличните работи кои што се случуваа. Јас не знам дали колегите кои што го предлагаат амандманот биле некогаш набљудувачи. Но, јас бев набљудувач на последните избори, условно кажано во третиот круг во едно избирачко место во 6-та изборна единица. И она што го забележав е дека како набљудувач апсолутно лимитирани овластувања кои што набљудувачот ги има како таков. Направив максимум да не се случи никаква девијација на изборниот процес, да нема полнење кутии, да нема гласање на едно лице за повеќе, да ги нема сите оние девијации кои што се случуваат на изборите. Знаете зошто го направив тоа? Го направив заради тоа што имав личен мотив изборите да поминат мирно, заради тоа што тој личен мотив изборите да поминат мирно значеше реална претстава на мојата политичка партија колку вреди кај граѓаните, односно колкава поддршка има кај граѓаните и соодветно на тоа реална претставеност на мојата политичка партија во Парламентот. Не сум сигурен дека членовите на избирачкиот одбор кои што беа претставници на јавната администрација го имаа истиот мотив. За жал, или за среќа ние можеме да зборуваме за идеални модели, можеме да зборуваме за тоа колку треба да е мотивирана администрацијата, колку треба да е непартиска итн. Но, по дефиниција администрацијата не е таква, тоа го има уште во теориите на Вебер од средината на минатиот век. Така што не е нова практиката јавната администрација не секогаш е совршена, не секогаш е мотивирана и не секогаш го има потребниот мотив да ги заврши работите онака како што треба. Можеме да говориме зошто е тоа така, дали има ниски примања, дали недоволно напредуваат во кариерата, дали нема реално напредување итн. Тоа се други теми кои што повторно се теоретски. Ама она што е реално и што треба да го разгледаме визави изборите кои што доаѓаат во март и локални и претседателски значи многу брзо, кога практично просторот за теоретски дебати е ограничен и сведен на нула, е како да се обидеме да имаме најфер можни избори. И да се разбереме, фер избори не зависат ниту од претседателот на Државната изборна комисија ниту од претседателите на општинските изборни комисии,

ниту дури од членовите на изборните комисии на избирачките места, туку зависат од политичките партии и нивните членови кои што или ќе се свесни и ќе спроведуваат демократски и фер избори, или нема да го прават тоа. Ниедна регулатива на светот, ниедно законско решение не може да спречи политичка партија да направи девијација на изборите. После тоа следуваа санкции. Еве, ние видовме еден случај веќе заврши со затворска казна од 6,5 години, веројатно ќе има и неколку други. Но, поентата е дека во процесот на избори настанала девијација. Во ниедна држава, во Британија, во Швеска, во САД, ако сакате, еве сега актуелни се изборите, доколку нема волја кај политичките партии кои што учествуваат на изборите да нема инциденти, ниедна правна регулатива не може да го спречи тоа. Јас се извинувам што сум можеби претерано отворен, или претерано искрен, но тоа се фактите. И ние мораме да се погледнеме во очи и да си кажеме меѓу себе дека фер и демократски избори ќе се случуваат само тогаш кога водството на политичките партии и членството на политичките партии ќе е спремно за тоа. Во овој момент мислам дека е спремно, мислам, дека главните политички играчи во Република Македонија научија од грешките во минатото и се спремни за фер и демократски избори во март. И сметам дека ова решение ќе им даде сигурност плус и мотив плус да можат понатаму успешно да влезат во избори. Исто така, мислам дека тоа што опозицијата го има челното место во Државната изборна комисија ќе им даде сигурност плус дека никој член на владеачките партии, условно кажано нема да направи никаква девијација врз изборниот процес. Со ова ќе завршам, гледам многу има пријавено за реплика. Веројатно ќе имаме можност да издискутираме. Мислам дека секогаш треба особено во овој дом кога отвораме вака чувствителни прашања и вака суштински прашања да зборуваме искрено и отворено, а помалку да говориме согласно нашите визии, идеали, итн., заради тоа што проблемите треба да се решат за 6 месеци, а не за 6 години.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Јас кога бев помлад пратеник некогаш ќе ги прочитав моите дискусии, па си викав, што сум сакал да кажам. Мислам дека мојот колега од кога ќе си го прочита стенограмот, самиот нема да може да си улови што беше поентата и пет пати да го прочита. Меѓутоа, веројатно тоа со текот на годините.

Кога сме кај годините, не сте вие претерано отворен, вие сте претерано затворен, колега, во тоа е работата. Ако млад пратеник претпоставувам најмлад овде во Собранието на Република Македонија сугерира партизација на Државната изборна комисија, брани партизација на Државната изборна комисија и кажува работи за кои што јас ќе се обидам оние што ги фатив да ги цитирам, тогаш дозволете ми да ви кажам дека јас не сум оптимист за иднината на Македонија ако младите пратеници вака резонираат. Наместо како млад пратеник да каже, да јас сум од владеачката структура, но се спротивставувам на партизација, поставување на партиски војници во Државната изборна комисија, тој го чини сосема спротивното. Велите, малку модифицирано. Не е ова малку модифицирано, ова е многу модифициран модел, исклучителна партизација на Државната изборна комисија за која што вие се обидувате да кажете дека е добро, туку дека е нормално во Република Македонија и дека тоа треба да го издржиме. Велите дека сте биле набљудувач, гордо го кажувате тоа. Вие сте набљудувач на најлошите избори во Република Македонија. Набљудувач на изборите кои што станаа девет критериуми за влез во Европската унија, имавте осум, не само што не ги намаливте, туку ги зголемувате за време на вашиот мандат почитуван млад колега. И уште кажувате со гордост: Јас сум бил набљудувач. Јас сум бил набљудувач и во Македонија и во други земји па можам да ви кажам што значи партизација и непартизација на изборните комисии, или одборите. И со цел свој дигнитет кажувате дека сега со ваков распоред се овозможува опозицијата, цитирам:, да има крајна контрола на процесот. Тоа кажавте што вие сте правеле за време на изборите. Значи, кога беше обратно како што е сега сеуште, значи вие го контролиравте изборниот процес во Република Македонија и тоа и се случи. Така што внимавајте тоа што кажувате, всушност да не излегува она што го чувствувате вие длабоко.

И на крај имам едно многу едноставно прашање за вас како млад пратеник. Со ова решение според вас се врши партизација на Државната изборна комисија, или се создава независна државна комисија?

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Многу кратко. Јас се обидов во мојата дискусија да бидам реален и отворено да проговорам за фактите и да проговорам дека ова е најдоброто можно решение во моментот. Тоа што во политиката ги бирате најдобрите решенија од возможните, а не од посакуваните. Имав реплика која што беше посакувана и моја е желбата која што ја има колегата. Но, во овој момент ова се најдобрите решенија кои што ги имаме од возможните.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Јован Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** За жал, можам само да ја повторам констатацијата што ја кажа и мојот колега Жерновски. Жален е фактот кога најмладите пратеници се всушност најслепи послушници и најконзервативни припадници на одредена политичка групација. Меѓутоа, за

аналитичарите објективни тоа не треба да е чудно, затоа што токму овие најмлади пратеници на владеачката партија се регрутирани од кампот пред Собранието, од едни срамни антиалбански фашистички демонстрации од пред 10 години. Со ова решение во Законот што го предлагате како што и потврдивте впрочем со својата дискусија колега Николовски, вие вршите крајна и целосна партизација. И она што е најтагично како млад пратеник не ја разбирате ни суштината зошто треба да биде Државната изборна комисија независна.

Она што е најтрагично, како млад пратеник не ја разбирате ни суштината зошто ДИК треба да биде независна. Таа не треба да биде независна само да го спречи влијанието на власта, туку таа треба да биде независна за да го овозможи интересот на граѓанинот. Дали е независност ако претседателот на опозиционата партија му се јави на претседателот на ДИК и му каже блокирај го процесот затоа што ги губиме овие избори и претседателот на ДИК има инструменти да го блокира процесот. Тоа е интересот на граѓаните во одредена ситуација да се искористи, било од власта било од опозицијата, системот да се блокира волјата на граѓаните. Меѓутоа, тоа се прилично сложени дискусии за вас и очигледно е дека не ги разбирате, а затоа што не ги разбирате ниту вие ниту вашата партија, ниту за жал, нашите коалициони партнери, ние не можеме да чекориме напред и затоа ќе имаме лош извештај. Ова е срамна партизација. Со ова не одиме напред. Тоа е против сите европски стандарди е против интересот на граѓаните на Република Македонија и нема ниту еден аргумент тоа да се оспори.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има пратеникот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Имаше повеќе навреди, не сакам да ги коментирам, не е во ред да се навредуваме меѓусебе.

Би сакал да искоментирам во еден дел, а тоа е дека постои предлог, усогласен, меѓу другото помеѓу главните политички партии на лидерските средби што ги имавме, ќе има таков баланс во изборната комисија, тоа беше и претходно. Така што е невозможно, согласно постојните регулативи во Република Македонија, еден човек да го блокира изборниот процес, макар да се викал и претседател на ДИК. Добро е тоа да се знае заради јавноста.

**Трајко Вељаноски:** Има реплика господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам претседателе.

Ако сакаме да бидеме искрени мораме да признаеме дека ова решение што се нуди со законот е ретрогрaрно. Тоа е враќање назад. Тоа не е демократско достигнување. Секаде по дефиниција, ако сакате да имате демократско општество, фер и демократски избори, во било кое општество, мора до крај да ги департизирате изборните органи. Партиите треба да ги тргнат рацете од изборниот процес. Тие се господари на изборниот процес. Меѓутоа, не смеат да влијаат на изборниот процес.

Јас разбирам зошто СДСМ и ДПА го прифатиле ова решение. Тие меѓу двете зла го избрале помалото, логично, бидејќи партизирана е максиманлно државаната администрација и исто и доаѓа на опозицијата дали ќе биде некој од партиите или ќе биде од администрациајта. Значи ние имаме две основни задачИ, да ја департизираме државната администрација, а тие да бидат навистина државни службеници, настрана о д влијанието на политичките партии и да го демократизираме изборниот процес. Јас го разбирам господинот Николовски дека партиите имаат одговорност за демократското ниво на изборниот процес. Ние одговараме, меѓутоа пак одиме на линија на помал отпор. Место ние како политички партии да се менуваме, да биде тоа празник што рече сегашниоот потпретседател на Владата, тогаш портпарол на овие предвремени или вонредни парланемтарни избори, на 1- ви јуни ја даде таа позната изјава дека ова е празник за Република Македонија. овие избори станаа проблем за Република Македонија, не се празник. Значи, ние си го упропастивме празникот ги намаливме шансите на државата. Мислам треба да ни биде јасно. Ни дадао шанса Европската унија уиште еден изборен циклус плус па да видат дали ќе не биде во друштво со нив. И основната забелшка за лошиот можен извештај што го најави господин Оли Рен се токму лошите парламентарни избори. Ние не ги направивме изборите лоши заради тоа што така сакаат политичките партии, туку пред се заради тоа што предизвикот што се вика власт по секоја цена ги урува сите норми и политички и партиски и норми. Јас ќе го подржамандман овој амандман. Мислам дека треба да си останеме на основните позиции на законското решение.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господонот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Јас ќе се обидам да добијам одговор од колегата Николовски, дел од дискусијата ја кажа и господинот Петковски, во услови кога имаме една масовна партизација на администрацијата, избирачките одбори се со однапред дефиниран состав на парламентарното мнозинство.

Веројатно господинот Николовски како добар набљудувач на изборите бил награден да ја набљудува и фудбалската репрезентација на Македонија во Исланд, парламентот сите видовме тоа добро во бањарка го правеше и ..

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, да зборуваме по амандманот.

**Јани Макрадули:** И бидејќи вети дека ќе зборува реално и отворено јас нема да гио прашувам сега

на чија сметка, кога го прашаа новинарите не одговори на чија сметка беше во Исланд, туку ќе го прашамандман реално да одговори, бидејќи рече политичките партии се одговорни, а не администрацијата, јас се согласувам со тоа, која политичка партија е одговорна за инцидентите што се случија на 1 јуни кој беше орагнизатор, кој тоа го договараш, во чии кругови и кој ќе сноси одговорноста и нецидентите што се случија на 1 јуни. Очекувам реален одговор.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Ова решение е усогласено мнеѓу нас, вие тоа добро го знаете, учествувте на лидерските средби, но постојат, настрана од навредите што беа кажани и навистина не сакам да ги коментирам, постојат суштински разлики меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ.

Ако некој бил жртва во македонската кратка демократија, на наместени избори, тоа е ВМРО ДПМНЕ, емпириски,со бројки итн., но има една суштинска разлика меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ зборувам кога се н авласт. Тоа е дека ВМРО ДПМНЕ преку механизмите што ги има ги казнува овие што се одговорно за изборните насилства за разлика од СДСМ. Да ве потсетам дека се обидовте да полните кутии за време на локалните избори во Прилеп и ви беа осудени активисите, па Бранко Црвенковски ги помилува. Тоа е суштинската разлика меѓу нас.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Бидејќи е исцрепена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 50 пратеници, за амандманот гласаа 8, воздржани нема, против 42.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во моментот на гласањето имаше 60 пратеници.

Според тоа гласањето не е полноважно.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во моментот во салата има 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 52 пратеници, за амандманот гласаа 8, воздржани нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 12 поднесен од пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Панов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски.

Отворам претрес по амандманот бришење на член 16 поднесен од пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Панов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Образложението за овој амандман е дека повторно се воведува учество на таканаречените партиски војноци, што недвојбено ќе доведе до компромитација на изборниот процес.

Владата од причини што основната интенција и пораките што беа испраќани до Република Македонија е да се постигне конзесус при донесувањето односно надградбата на изборното законодавство. Решенито што е содржано во Изборниот законик е резултат на тој политички консензус на најрелеватните политички субјекти на Република Македонија.

Ова решение што сега е вградено во член 16 е решение што беше вградено во Изборниот законик од март 2006 година, како преодно решение. Сега се воведува во Изборниот законик. Има процена дека тоа решение во 2006 година како преодно решние покажало попозитивни ефекти од она беше во 2008 година, со оглед на составот на избирачките одбори.

Тргнувајќи го од сето тоа што го имаме како решение и како дискусиии од типот на партиско ѓубриште, од типот на срамна партизација, не води кон остварувањето на тој политички конзензус. Ако се продложи со ваква реторика очигледно дека ние не се насочуваме кон тоа да обезбедиме фер и демократски избори. Мислам дека вакви реторики и дискусии треба да бидат заборавени, барем кога се однесува до изборното законодавство.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да зборуваат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јавија пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска и Стојан Андов.

Има збор господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски**: Благодарам претседателе.

Господине министре целосно ја разбирам вашата нервоза. Тешко е да браните лоши, смешни решенија пред целата македонска јавност.

Лесно е во Клубот на пратениците каде никој не ве гледа зад затворени врати, и најголема глупост четирите лидери може да се согласат да ја прифатат и да ја претворат во законско решение, ама тука во парламентот пред два милиони граѓани е тешко затоа што се гледа инфериорноста на вашите решенија, затоа што се гледа се целосно необмислени, се гледа дека се целосно антиевропски и затоа што се гледа деак се во насока на зголемување на партизациајата и зголемување на насилството на изборите. Не треба да заборавите гопсподине министре дека токму во ваше време како министер за правда ги

имаме најсрамните избори во Република Македонија, во нејзината скромна историја од 6 парламентрарни циклуси. Затоа бидете малку покритичен спрема себе. Меѓутоа, имам целосно разбирање за вас, фрустрирачки е тука пред целата македонска јавност да се види дека навистина она што го работите во Министерството за правда е под секое ниво.

Токму со ова законкско решение што го предлагате избирачките одбори ќе станат партиски ѓубришта затоа што ако направите анализа на сите инциденти до сега, токму претставниците на политичките партии, независно дали биле членови на избирачките одбори порано или сега како набљудувачи, ги создавале клучните тензии на избирачкото место. Дека токму набљудувачите на политичките партии до сега правеа разни недозволени дејствија, за жал многу чести и во соработка на полициските сили кои беа на лице место за да ја спречат волјата на граѓаните. Оттаму нема никакво оправдување за воведување на партиски членови. Ние веќе ги имаме нив, господине министре, тие се набљудувачи, ги имаме на изборното место. Значи партиите имаат претставници. Но, што е целта? Целта е на досегашниот систем на избирачки одбор каде сите се претставници на администрацијата и каде навистина имавме проблеми, но го градевме тој систем, се создаваше доверба, се храбреа луѓето. Созреваа. Сега вие им ветувате двајца партиски чувари што ќе ги опоменуваат да не работат според законот, туку според партискиот интерес. сега на овие државни службеници кои што се докажаа во изминатите избори им ставате кучиња чувари, да не смеат да судат според законот, туку да бидат по партиска присмотра. И затоа со овие двајца претставници и тој од власта и од тој од опозицијата. Тие се да ги дисциплинираат членовите на државната и јавна администрација да гласаат според партиските директиви. Срамен предлог, господине министре, срамен договор господа лидери на партии. Освен тоа, господине министре, вие од вчера ја лажевте македонската јавност. Пратеничката група на ДПА јасно кажа дека истапува од овој договор, така што вие немате консензус. Имате консензус само на три политички партии. Така да тој факт треба да го земете предвид, а како што се одвива расправата ако потрае мислам дека уште некој од овие слични договарачи ќе се откаже од договореното, затоа што се гледа дека договореното мириса, господине министре, тежок мирис се шири од ова договореното. Се шири мирис на меѓусебен договор непринципиелен за ставање на граѓаните на страна и повторно на ставање на тронот на партиските војници. Се шири мирис на уништување на јавната администрација. Многу средства, многу напор се вложени да јавната администрација ја извршува оваа своја улога како што треба. И сега сето тоа се фрла на ѓубриште, по ѓаволите, дајте партиските војници вратете ги. Неприфатливо, непристојно и срамно за сегашново ниво на демкратски развој на Република Македонија, еден голем чекор назад. И треба веќе ако инсистираат и ако сте се договориле за ваква одредба, дајте внесете уште една одредба да барем овие членови што предложат политичките партии немаат криминални досиеја, зашто многумина од нив верувај те ќе бидат со криминални досиеја како што беа и порано. Разни типови од подземјето и од полусветот кој што вршат разни улоги за политички партиии. Со овој предлог господине министре го враќате подземјето во изборниот процес. Зар треба да ве потсетувам за изборните инциденти во Охрид на пример на локалните избори. Зар треба да ве потсетувам за изборните инциденти во полошкиот крај. Сите луѓе кои Учествуваа во тие инциденти имаат криминални досиеја. Барем тоа ставете го господине министре, барем тоа. Затоа што граѓаните треба да знаат дека со ова законско решение подржано од четворицата , т.е. тројцата лидери криминалците ни се воведуваат во избирачките одбори.

Затоа што тие се спремни за против услуга од власта да прават различни изборни манипулации. И тоа ако ги погледнете записниците од изборите во текот на сите изминати години, јасно се гледа господине министре. Значи, ги враќате партиските војници и не барате никаков критериум за нив. Моја претпоставка е дека таму ќе се најдат типови од подземјето кои што дефинитивно ќе го контаминираат избирачкиот процес и ќе ги плашат граѓаните да излезат на избори. Како што всушност се случи и сега на овие избори каде што граѓаните кога станаа и пиеа утринско кафе, кога уклучија ТВ, првите вести беа дека партиските војници веќе направиле ршум на повеќе избирачки места. Ги претварате изборите наместо празник на демократија во национална траума, господине министре. И јас навистина се чудам и на умот на партиските лидери, меѓутоа и на умот на партиските раководства што дозволуваат ваква контаминација на изборниот процес. Срамота е што носиме вакво изборно законодавство, срамота е што ова го правиме во 2008 година, срамота е што ова го правиме по вакви лоши оценки од Европската унија едноставно ова е еден од најсрамните закони што ќе помине во македонскиот парламент. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави министерот за правда, госпоѓа Стефановска Анета и госпоѓа Бонева Силвана.

Реплика има министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе,

Господинот Мансијевски ако добро го погледа законот ќе види дека кој може да биде член на избирачкиот одбор и добро е кажано во членот 18 дека лице осудено за казнено дело со изборите и лице кое претходно учествувало и било регистрирано како лице кое што е со изборни нерегуларности утврдени во изборниот процес

тоа лице не може да биде член на избирачкиот одбор. Меѓутоа многу е, не знам кој поим да употребам, но не сакам да паднам на нивото на господинот Манасијевски, затоа што навистина ако мисли дека подземјето треба да ги спроведува изборите очигледно е дека тој е во голема заблуда.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господиниот Мансијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Господине министри,

Токму ова што го кажавте потврдува дека подземјето ќе биде учесник. Затоа што кажете ми во тој регистар ваш фиктивен, колку луѓе се регистрирани за осуденост за изборни инциденти. Знаете колку? Петорица, од кои што двајца претседателот на државата помилува со една несреќна одлука. Тоа е вашиот регистар, господине министер. Значи, немате регистар, фиктивен, виртуелен, криминалците за жал, ќе учествуваат во изборни одбори, за жал.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стафановска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега Мансијевски.

Овој ваш настап е непристоен и се должи на основна некултура. Јас нема да дозволам вие да зборувате така за министерот, а да не реагирам. Навистина ме изненадувате многу непријатно. Јас имав поинакво мислење за вас. Навистина имав поинакво мислење. И, ако вие образложивте по амандманот кој што го предлагате аргументирано ќе ве разберев, сега заради јавноста се јавив да кажам дека вас ви се овие последните обиди за малку да го подигнете рејтингот и отворате војна со СДСМ за да излобирате што поголем број на советници во советничката листа. Значи, главната поента е таа, во таа насока се движите и добро ве читаат граѓаните. Меѓутоа, мислам дека налет што нема да го подигнете рејтингот, туку ќе го допаднете. Ниту еден глас ми се чини дури нема да добиете после овој ваш настап. Ама да знаете дека со ваквите недолични зборови што ги упатувате на министерот и на сите луѓе кои ги упатувате овде, мислам дека не е важно затоа што сте пратеник од граѓаните на Република Македонија. Уште ќе ви кажам не знам дали понатаму ќе ме разберете на македонски или да ви зборувам на српски, можеби подобро на српски ќе ме разберте што ќе ви кажам, мислам дека треба да се корегирате. Веќе е крајно време. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Госпоѓо Стафановска, секогаш ми е големо задоволство да полемизирам со вас, затоа што никој повеќе не го дира рејтингот на ЛДП отколку вие со вашите дискусии. Навистина, мислам дека колегите од СДСМ треба да се загрижат по што застанавте во нивна одбрана, тоа може фатално да влијае на нивниот рејтинг и се надевам дека ќе ве замолат во иднина да не ги браните. Јас сум инсенаден што вие ги браните, го браните учеството на криминалците во избирачките одбори, затоа што госпоѓо Стафановска со записници од избирачки одбори е потвредено и во градот од каде што доаѓате Битола дека типови од подземјето учествувале во избирачките одбори. Тоа е потврдено. Видете ги дека само како предлози на ВМРО-ДПМНЕ и на други партии, меутоа учествувале и тоа треба да ги загрижи госпоѓо Стефановска. Изборите се процес, каде што се слави граѓанската култура и правото на изборачот, а не криминалците.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Манасијевски, од ова што го слушав од вас можам да заклучам само дека вие никогаш буквално никогаш не сте биле на избирачките места каде што навистина имало сериозни проблеми, не сте биле набљудувач во тие избирачки места за да може да го зборувате она што сега го кажувате. Зошто го велам ова? Јас бев во многу критични места бележани од страна на ДИК во Порино, Тетово, Челопек и имав можност да го следам буквално цел ден од моментот на отворање на избирачкото место во 6 часто наутро, до моментот на затворање на изборниот материјал и доставување до општинските изборни комисии. Она што можев да го заклучам дека државната админстрација беше тотално незаинтересирана за тоа како се одвива избирачкиот процес. Набљудувачите од страна на политичките партии и набљудувачите од ОБСЕ и другите меѓународни организации кои што беа таму, беа многу позаинтересирани за регуларност на изборниот процес. Само единствен недостаток беше тоа што ние немавме можност на увид во личната документација која што ја доставуваа граѓаните што доаѓаа пред избирачкиот одбор и ни се случуваше пред нашите очи да гледаме едни исти луѓе како минуваат, а немавме можност да интервенираме, ниту пак да докажеме дека едни исти луѓе доаѓаат на гласање во текот на денот, заради тоа што избирачките одбори беа тотално незаинтересирани. Тоа беа членови на државната и јавната администрација и тие дозволуваа изборни нерегуларности. Во овој случај кога ќе имаме политички партии кои што ќе бидат членови на избирачките одбори од опозицијата и парламентарното мнозинство ќе се воспостави баланс на силите. И опозицијата и парламентарното мнозинство е заинтересирано да биде фер изборниот процес и секој од нив ќе гледа изборниот процес да се спроведе во максимално демократска атмосфера и секој од нив ќе ги гледа изборните резултати да бидат фер и демократски. Значи, само на тој начин со

воспоставување на баланс на силите, со увид на најголемите политички партии од опозицијата и мнозинството може да се воспостави баланс на силите и можеме да кажеме дека ќе гарантираме дека ќе има фер и демократски избори. Никој не го оспорува учеството на државната и јавната админстрација, тие ќе бидат таму, ниту пак како што кажавте дека ние го браниме учеството на криминалците во избирачките одбори. Во избирачките одбори од секогаш учествувале најдостоинствените луѓе од партијата кои знаеле на кој начин, на најдемократски начин да ги бранат боите на сопствената партија, следејќи го изборниот процес да нема изборни нерегуларности. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Манасијевски Јован.

**Јован Манасијевски:** За жал, со вашата дискусија госпоѓо Бонева ги потврдивте моите сомневање. Ќе ве цитирам: незаинтересирана и неспремна администрација. Вие вршите тежок напад на клучниот столб на нашето општество и на изборниот процес на администрацијата. Треба да се извините поради тоа, затоа што очигледно е дека од вашата дискусија вие не сакате администрацијата да ги спроведува изборите, туку да ги спроведуваат партиските војници за да ги полнат партиските кутии. А, зошто бевте вие госпоѓо Бонева набљудувач. Бевте затоа што вашата министерка Јанкуловска и Елмаси Рефет допуштија криминално полициски одреди кои што ги испратија на денот на изборите и спроведуваа терот на сите тие места. 48 инциденти имаше пред изборниот ден, кој што докажано ги спроведуваа луѓе на заменикот министер Елмази подржани од министерката Јанкуловска и од тоа треба да се срамите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Оствaруваме, партизацијата продолжува. Значи, со секој нов закон, со секоја нова одлука ова се потврдува и очекувам дека многу брзо на телевизиските екрани ќе биде заменето она ваше рекламирање и конечно ќе им ја кажете вистината на граѓаните, без да ги залажувате со тоа дека некаква преродба се случува, а камо ли пак дека продолжува. Значи, во сите сегменти во државата, во сите независни регулаторни тела, во се што постои треба да имаме исклучиво партиски кадар. Дали сте размислиле дека на граѓаните веќе во целост им е доволно од партизацијата. Дали воопшто сте размилсиле или сте го слушнале гласот на народот дека луѓето велат доста од целосна партизација. Воопшто не може да се биде на функција, да се добие работно место, дури се загрозуваат и основните човекови права со партизацијата. Го цитирате Уставот дека секој имал право да биде биран и да бира. Да бира никој не кажа дека нема право, точно е дека секој има. Но, секој има право и на работа. Прочитајте го Уставот, зошто го читате она што само вам ви одговара. За жал, во Република Македонија секој го нема тоа право. Правото на вработување го имаат исклучиво партиските послушници, партиските војници или многу блиски роднини на партиските функционери. Токму поради тоа ова го говориме, од некаде мора да се почне. Мора да се почне со департизацијата. Не го прифатите амандманот за партизација на изборната комисија, остана таква каква што е. Останува само да живееме во надеж дека овие назначени членови во изборната комисија нема да бидат најпослушните и лојални членови од политичките партии и навистина повеќе ќе го слушаат она што ни го кажуваат од меѓународната заедница дека на Македонија и се повеќе од неопходни фер и демократски избори. Се надевам дека после ова нема да ни се воведе и некој десети критериум кој што ќе биде во насока на целосна департизација на општеството. Мислам дека сакајќи го решението партиските војници да бидат во избирачките одбори, правиме не чекор напред, туку два чекори назад.

Почитуван министер, вашето образложение беше дека не го прифаќате амандманот, затоа што немало добро образложение. Значи, целото образложение беше забелешката на нашето образложение. Е, пак, еве почитуван министер, имате образложение од претседателот на ЛДП, говорам јас, се надевам и другите пријавени после мене ќе ви дадат можност подобро да разберете што сакаме, а мислам дека бевме доволно јасни зошто велиме не на партизација на изборниот процес односно во овој случај преку партизација на ДИК и преку партизацијата на избирачките одбори.

Не знам зошто сметате дека државната администрација не била заинтересирана и на сето тоа дозволувале изборен фалсификат или нерегуларности. Јас сега би ве прашала како министер за правда колку од јавната администрација се казнети или парично или прекршочно за тоа што дозволувале нерегуларности. Очигледно дека нема да го добијам одговорот и ќе морам сама да си одговорам. До сега ниту еден, па затоа почитувани колеги мислам дека ако веќе се сложивте односно не прифативте дека не треба пратеници, министри и претседателот на државата да имаат двојнот државјанство, ако се сложивте да имаме партизирана ДИК , да имаме затворени листи кои што ќе ги гушат демократските процеси во Република Македонија и демократските процеси во партиите, се надевам дека сега ќе имате доволно доблест, барем со нешто да покажете дека навистина ви е важно мислењето на ОПСЕ, ви е важно мислењето на институциите од Европската унија и дека ви е

важно конечно Македонија да добие позитивен извештај од Европската унија. Не можам да разберам само декларативно да се залагаме дека сите сме за евроатланските интеграции, а притоа кога имаме вакви клучни моменти, кога ги носиме одлуките да се задскриваме зад некој договор кој што се одвивал во Клубот на пратениците и притоа да ги затвораме очите и да дозволуваме да добиваме негативни критики од Европската унија и институциите кои ги набљудуваат изорите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господиниот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Дозволете да ја искористам оваа прилика да го соопштам ставот на СДСМ, кој што апсолутно се согласува со ваквото законско решение. И, ќе образожам од неколку причини зошто.

Прво, креаторот на решението да имаме целосно избирачки систем составен од администрацијата е на СДСМ. Вклучително и од ЛДП заклучно со изборниот законик од 2006 година. Зко некој рече дека ова е чекор враќање назад, јас би се согласил делумно да по таа логика, но во исто време треба да сфатиме дека самите избори во 2008 година беа чекор назад. Да ја погледнеме реалноста. Имавме систем во кој што комплетно беше инволвирана 100% државната и јавната администрација, па имавме полоши избори од тие во 2006 година. Ова го велам бидејќи Македонија претпоставувам и со поинаква влада и со поинаков однос на демократскиот пристап во спроведувањето на изборите може да има Шведски избори. И, сме имале такви избори. Во 2008 година не беа такви. Јас бев сведок лично, бидејќи бев носител на изборната единица 6 на коалицијата Сонце, каде што впрочем и се случија најголемиот број неправилности. Бев сведок лично и на ситуации каде што токму државната и јавната администрација од страв, од принуда на функционерите на локално или државно ниво не беше во можност да го спроведе избирачкиот процес во вистинска смисла на зборот. Јас би рекол ова решение е чекор напред во овој момент за да можеме да имаме минимум контрола и сигурност на самиот избирачки процес. Јас сум убеден дека претставниците на партиите кои што ќе се декларираат и се демократски, ќе можат да овозможат контрола и оневозможување на притисоци од страна на Владата врз избирачките одбори. Однапред ви гарантираме СДСМ нема да врши влијание преку своите претставници во избирачките одбори на избирачкиот процес. Само ќе го почитува од првата до последната буква изборниот законик и политичката определба да имаме фер и демократски избори. Јас можам да разберам дека добар дел од јавната администрација е под притисок. Не можам да ги оправдам кога тие до крај не си ја завршуваат својата работа која што од нив ја бара законот. Во овој случај немаме друго решение. И тоа е консензуално усогласено, да, точно, помеѓу 4-те партии на лидерската средба и ние истото ќе го подржиме. Бидејќи дел од опозицијата има поинакво мислење, СДСМ ќе ја преземе целокупната одговорност и два од трите члена од ДИК која што треба да ја предложи опозицијата и членовите на избирачките одбори што треба да ги предложи опозицијата ќе биде наша одговорност и наша задача и во таа смисла не мислам дека ќе имаме разлики со останатите партии во опозицијата. Ние целосно, бидејќи се согласуваме со ова решение, ќе ги предложиме нашите претставници на избирачките одбори.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Со едно навистина се сложувам со почитуваниот колега Игор Ивановски. Не што изборите беа чекор назад, туку беа многу чекори назад и ја втурнаа Македонија во она место каде сега се наоѓа, последна меѓу балканските држави што останаа неинтегрирани во Европската унија.

Со останатото, почитуван колега, не се сложувам, затоа што токму спротивно на она што вие го говоревте, токму партиските војници се тие кои што ќе работат по директира, тие кои ќе вршат притисоци и тие кои што ќе дозволуваат да имаме нерегуларности на изборите. За жал, мислам дека ова е далеку од програмските опредлби на коалицијата Сонце. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор е јавен господинот Андов Стојан, само би го прашал дали сега сака да зборува и ќе продолжиме со оглед на времето дека доаѓа до 14,00 часто или сака после 15,00 часот.

Со оглед што пратеникот сака да зборува после 15,00 часот, ја прекинувам седницата и продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам господине претседателе,

Еве на почетокот на својата дискусија сакам да кажам дека јас ќе гласам за овој закон и тоа ќе гласам меѓу другото, заради тоа што е усогласен од лидерите на четирите партии.

Според тоа, мислам дека ние треба да веруваме дека сепак вложиле напор тие луѓе, консултирале многу работи и добро е да го подржиме законот.

Меѓутоа, сакам да кажам дека тоа не треба нас да не спречи, ако можеме по некои точки да го подобриме овој текст кој е усогласен.Можеби некаде ќе можеме да направиме и некои подобри решенија.

Како е стипулиран предлогот овде и амандманот што се однесува на овој член 16, мислам дека не треба да биде предмет на толку жестоки расправи, па дури и навреди и т.н., туку треба рационално да разговараме да видиме во кој правец ќе се движиме и зато јас така и ќе постапам овој пат. Овој пат ќе го подржам овој амандман, бидејки мислам дека е подобар од основниот текст. Сите овде констатираа, го забележав од сопствено искуство што констатира господинот Александар Николовски, дека најголемите незгоди, непријатности, прекршувања на законот се случуваат токму на избирачките места. И тука колку што гледам сите дискутанти, па и министерот, се согласуваат со таа констатација. Меѓутоа, се јавуваат разликите околу тоа какво решение сега да имаме, па едни велат дека тоа што има таму такви прекршоци, нарушување на законитоста, виновна е администрација, членовите на државната администрација кои се таму именувани. Мислам дека тоа не може да биде објаснување. Не е тоа точно. Не смееме да го означиме учеството на луѓето од администрацијата во избирачките одбори како причина, зошто така масовно се кршел законот. По мое мислење, а тоа тука некој и го рече, оние кои го нарушуваат законот и кои ја осрамотија нашата држава, сега на последните избори, не се незаинтересираните членови на избирачки одбор од администрацијата, туку оние кои на тие членови и претседатели на избирачките одбори од администрацијата им внеле страв во коските за да не внимаваат што се работи и да затворат очи пред она што се случува. Тоа го правеле некои моќници, така овде велиме ние, локални или не знам какви партиски моќници, меѓутоа јас не видов до сега во Македонија некоја партија да извршила истраги кај себе и да ги нашла тие моќници, и очигледно е дека тие моќници таму делуваат со благослов на партиите. И сега ова решение што ќе ставаме таму по еден, нас не доведува во ситуација тие да не ги заплашуваат однадвор членовите на изборните комисии, туку таму на лице место да им бидат и тие да ги таму плашат и да ја спроведуваат партиската волја.

Видете да се разбереме. Ние не смееме да заборавиме дека секаде во светот изборите се државна работа. Изборниот процес државата и државните службеници и органи го спроведуваат. Партиите учествуваат. Тоа ставање партиски членови во изборните органи, особено во избирачките одбори ми личи како во фудбалскиот натпревар да суди еден од играчите на едниот тим, или по едн од едниот тим или од другиот тим. Или алегорички речено, без навреда како да оставите на лисицата да го чува кокошарникот. Од прилика тоа е. Тие таму идат за да влијаат што повеќе гласови да заграбат за своите партии. Бидејки ние сме многу сериозно опоменати, да не ни се случат уште еднаш такви избори како што ни се случија. Ама трага да нема од тоа што се случи, сега ако донесеме ние закон што тоа им овозможува ние и пратениците треба да прифатиме дел од одговорноста комплетна, ама и кривичната одговорност. Да не ги апсат само некои, видите кои ги апсат и ги судат, ниту една партијна не објави дека таа нашла некој нејзин член да го сменат од негде, или раководител некои, ништо. Партиите гледаат ако може никој нивен, на нив да не падне срам, и ги одобруваат тие работи и стојат зад таа работа.

И затоа мислам дека да не се случи таму негде на 15 март повторно да имаме по некоја сразмера слични работи, кои ќе не одложат не само во евроинтеграцијата, туку и срамот кој ќе го носи. Сега ако направиме така, ако повторно се случи на избирачките места тоа да биде, тоа значи дека ни на избирачките места, ни во партиите, ни околу избирачките места, ние не сме обезбедиле да има фер и демократски избори. Тогаш ќе бидеме ние донесувачите сега на овој закон виновни. Немојте да заборавите дека ставот на ОДИХР и првата сугестија уште 2005 година беше да се брише секаква партијност, или партиски членови или кандидати да бидат во избирачките одбори. Тоа само заради тоа што тогаш ВМРО-ДПМНЕ како опозициска партија, наведуваше дека нема доверба во администрацијата, бидејки Владата командува со неа, па затоа мора да има барем по еден член од партиите. Тогаш се правеа тие отстапки и сега се прават тие отстапки. Тоа така не бива и јас мислам дека многу со помирна совест и помирно ќе спиеме до изборите и на изборите, ако ние го направиме нашето, тоа што треба да се направи и почитувајќи ги сите договори што ги прават лидерите, да се обидеме на оваа точка да направиме некоја поправка и подобрување и затоа јас ќе гласам за овој амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Јован манасиевски, повелете.

**Јован Мансиевски:** Благодарам господине претседателе, му благодарам на господинот Андов за подршката на овој амандман. Се работи за еден од нашите најискусни пратеници и поранешен претседател на ова Собрание и мислам дека ова што го кажа треба добро да го замисли парламентарното мнозинство и минситерот кој што е формален предлагач.

Сакам да укажам на еден аспект на кој што предупреди и пратеникот Андов ние со овој чин го институнационализираме насилството и го норматизивираме, затоа што на оние, што беа главни предизвикувачи и главни фактори на инцидентите, сега ги наградуваме со места во избирачките одбори. И сега, сите валканици што ги прават, ги прават покрај тоа што имаат партиски дрес и со дрес на член на државен орган. Значи, им ги даваме сите можни инструменти да бидат што поуспешни во извршувањето на своите незаконски и нечесни дејанија. Затоа уште еднаш би апелирал да се застане ако треба, да се свика пауза на ова

прашање добро да се замислиме и да не дозволиме избирачкиот процес докрај биде компромитиран. На 15 март, на денот на изборите ќе биде доцна, бидејќи тогаш целата власт во овие избирачки одбори ќе ја имаат овие партиски војници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе,

Имам реплика на господинот Стојан Андов, затоа што не се согласувам со неговиот став околу тоа дека Штом се сложиле четирите лидери во Клубот на пратениците околу некое прашање, дека тоа би требало да биде и важечко решение овде. Јас сметам дека праксата на решавање на работите во Република Македонија во Клубот на пратениците е една лоша пракса дека е тоа вонинстутиционална пракса и дека на тој начин Собранието го доведуваме како еден депанданс на Клубот на пратеници. Сето ова само ја разводнува потребата и идеата за демократија во Република Македонија и мислам дека ние се повеќе фингираме или глумиме демократија, отколку што реално реализираме демократија. Дијалогот за кој премногу се зборува, местото му е овде во Собранието, а не во Клубот на пратеници. Ако сето оди вака, тогаш треба да бидеме уште подоследни и на изборите да бираме само 4 лидери кои нмеѓу себе ќе си разговараат во Клубот на пратеници и на тој начин ќе се решаваат проблемите во Република Македонија. На тој начин нема да имаме, како што беше објаснувањето, нема да имаме ни проблеми со изборите, исто како објаснувањето за намалувањето на цензусот за избор на претседател на државата. Дека без цензус тогаш нема што да има проблеми во оваа држава и нема да има тепачки, и нема да има ништо. Со други зборови проблеми во Република Македонија ќе нема, до колку нема демократија. Тоа е поракатa која континуирано ни се праќа. Јас сумпротив таа порака и јас сум да имаме демократија која ќе се развива континуирано, а не која ќе ги следи слабостите и ќе влијае на слабостите на тој начин што таа сама ќе се повлекува од својот наплив во општеството. На крај ќе завршиме како недомократско општество кое ќе биде и декларирано така во светот како што станавме и последни во Европа по многу работи. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Стојан Андов, повелете.

Стојан Андов: Мислам нашите разлики околу демократијата икако таа се остварува со господинот Оровчанец, ние ќе си ги разјасниме при првата наша идна средба надвор од оваа сала. И затоа, сега тој ги кажа своите погледи и јас моите таму ќе му ги кажам и ќе се договориме. А, за ова јас реков, јас сум задоволен што се договориле, важен е овој проблем, Изборниот закон е важен и треба да се овозможи да можевме сами да го направиме, сами овде да го решиме и во редовна постапка уште подобро, но добро е да има договор, отколку  да нема никаков договор. А д апоправиме нешто за тоа што е договорено, еве се обидуваме и си го кажав својот став. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Само господине Андов, господинот Оровчанец бара да се дебатира само овде во Собранието, не надвор. Не признава дебатирање надвор и надминување на разликите. Во ред.

Процедурално господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине трајко Вељаноски, или господине претседател на Собранието, јас на некој начин ви правам вам услуга, со тоа што сакам дијалогот да го доведам во институцијата која што е задолжена да води дијалог во оваа установа. Во Клубот на пратениците можете да бидете само келнер, а не можете да бидете претседател. Според тоа, мислам дека не е добро за државата  се што се случува во Клубот на пратениците да се одразува на тој начин во Собранието, што ќе биде апсолувирано без никаков дијалог и дебата.

Со други зборови принципите на дебата и принципот на дијалог, за тоа постои Собрание, затоа постои парламентарна демократија за која ние се залагаме, штоне значи дека не треба да има други средби, што не значи дека не треба да има други нивоа на дијалог, што не значи дека треба толерантноста на друг начин да биде искажана и демонстрирана. Меѓутоа, да го девалвираме Собранието затоа што некој се договорил во Клубот на пратениците, мислам дека не е во ред. И тоа е мојата забелешка и мислам дека вие треба да стоите на таа страна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Да, се согласувам и затоа водиме дебата овде по Изборниот законик кој што е предмет по оваа точка од дневниот ред.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот пред да го ставам на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 54 пратеници. Затоа ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да може полноважно да се гласа.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Можеме полноважно да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, за амандманот гласаа 8 пратеници, не се воздржа никој од гласањето, против гласаа 50 пратеници.

Констатирам дека Собраниетоне го усвои амандманот за бришење на член 16, поднесен од пратениците Јован Мансиевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 и на став 2 за бришење на новите ставови 4, 5, 6 и 7 поднесен од пратеникот Павле Трајанов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

Претходно процедурално се јави господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Сосема накратко претседателе.

Ние рековме дека во текот на расправата поддршката за овој Изборен законик ќе се губи. Би предложил да свикате координација на координаторите бидејќи ДПА не гласа, ДУИ веќе не е присутна очигледно не го подржува ова, мислам дека треба да свикате координација. Тоа е мојот предлог.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. Ќе ја имам во предвид вашата сугестија.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам. Со оглед на претходната одлука да не се прифати амандманот број 7, Владата не го прифати и овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави господинот Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре.

Накусо околу амандманот бидејќи и овој амандман е идентичен со претходниот амандман кој што Парламентот не го усвои, јас само сакам неколку работи да укажам.

Демократскиот сојуз како политичка партија се залага за целосна професионализација на изборните комисии, од Државната изборна комисија па се до избирачките одбори. Сметаме дека на тој начин во голема мера ќе се елиминираат бројните недоследности, нерегуларности, па и фалсификати. Инаку, да речеме ако е можно да се елиминира политичкото влијание па макар било тоа и преку Парламентот при избор на Државната изборна комисија, па се и елиминирањето на партиите да предлагаат свои членови на избирачките одбори, јас сум за тоа. Но повеќе од јасно е дека мнозинството од пратениците, од политичките партии кои што го прават практично мнозинството во Парламентот позиција опозиција заедно, сигурно дека овој амандман нема да помине. Но, мислам дека треба да знаеме дека најголемите нерегуларности се прават токму во избирачките одбори. И сите анализи досега и сите укажувања од ОДИХР од ОБСЕ укажуваат на тоа дека тука се се прави од гласање за друг, фамилијарно гласање, па се до полнење на кутиите токму од страната на тие што се присутни на самите избирачки места. Можеби има тука, ако се претставници на политичките партии повеќе ќе внимаваат за спроведување на законот, но тоа е претпоставка. За мене е посватливо тоа дека претставниците од политичките партии ќе ги застапуваат директивите на политичката партија. И доколку некоја од политичките партии ги губи изборите сигурен сум дека тогаш нивните претставници поинаку ќе размислуваат и поинаку ќе делуваат на самото место. А исто така може да се доведеме и во една друга ситуација кога ќе имаме несогласување помеѓу самите членови претставници од разни политички партии, непотпишувањето на записниците итн. Значи не можеме да прифатиме оценка дека ако има партиски претставници во овие избирачки одбори, дека изборите ќе бидат порегуларни. Напротив, мислам дека колку подалеку од политичките партии се од овие изборни тела од овие органи што ги спроведуваат изборите тоа може да биде многу подобро. Но гледам дека нема клима, нема услови за прифаќање на овој амандман, поради тоа амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став 1 поднесен од пратениците Имер Селмани, Сулејман Рушити и Абедин Зумбери.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам.

Господине претседателе, Владата не го прифаќа и овој амандман, бидејќи е со идентична содржина како и претходните два амандмани. Едниот е повлечен, а другиот е кој не доби потребно мнозинство во Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко. Очекував да се јави некој од предлагачите. Предлагачите не се овде. Но, да изразам задоволство што не само сегменти од опозицијата, туку можевме да видиме дека и сегменти од парламентарното мнозинство ја согледуваат небулозата, го согледуваат небулозниот предлог кој што доаѓа од страна на Владата на Република Македонија. И очекувам со текот на времето да се зголемува поддршката за овие и вакви амандмани, затоа што не слушнав од ниту еден пратеник досега од оние што го поддржуваат ова, дека ова не и е потребно на Република Македонија. Уште еднаш мислам дека е добро да размислите и вие, а особено претставникот на Владата, дали овој проект веќе ја ужива поддршката што ја имаше во популарниот Клуб на пратеници, затоа што ДПА вчера се откажа од поддршката, а како што можам јас да видам исто и вие претседателе, пратениците од ДУИ, нашите колеги од ДУИ ја напуштија седницава, што според мене укажува дека овој предлог повеќе нема поддршка од половина од оние кои што се договорија во Клубот на пратеници.

Трајко Вељаноски: Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. Од нив за амандманот гласаа 5 пратеници, воздржани нема, 56 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за менување на став 1 поднесен од пратениците Имер Селмани, Сулејман Рушити и Абедин Зимбери.

Пратениците Марија Андоновска, Оливер Шамбевски, Александар Николовски, во име на предлагачите го повлекоа амандманот на член 34 поднесен од пратениците Марија Андоновска, Илија Димовски, Оливер Шамбевски и Александар Николовски.

Отворам претрес по амандманот  за бришење на член 46, поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска и Горан Мисовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман поради тоа што со измените во Изборниот законик се создава можност значи при финансирањето на изброната кампања организаторот на изборната кампања да може да потроши најмногу до 180 денари по избирач на запишан во изборната единица односно општината за која има поднесено листа на кандидати. Ова се предлага од причини би било подобро реално да се прикажат состојбите на средствата кои што можат да се потрошат во изборната кампања по запишан избирач отколку да се прикриваат средствата. Тоа е само можност но тоа не значи дека треба да бидат потрошени толку многу средства.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријаваат за збор.

Благодарам.

За збор се јави господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодрам господине претседател, господине министер, почитувани колеги.

Очигледно не функционира. Вака не можеме да работиме како Собрание. Неколку пати беше подвлечено дека она што ќе се договорат големите партии во Клубот на пратениците едноставно мора до крај да се спроведе, а ние овде мораме да го реализираме. Се покажа и со претходните амандмани. Има добри идеи и вреди да се размисли. Меѓу нив и оваа идеја за која што НСДП поднесеа амандман, односно пратениците од НСДП од причина што најуверливо во својот одговор министерот кажа дека работата не е добра во врска со давањето надоместок на политичките партии за трошоците што ги имале за време на кампрањата. Самиот министер рече дека реално ова е заложба за реално прикажување на трошоците што ги имаат политичките партии за време на кампања. Факт е дека тие досега се кријат. Значи не се прикажувале реално. Ние сметаме дека во услови кога се менува изборното законодавство кога имаме толку многу пратеници, кога дури еве постои можност за време на следните парламентарни избори Македонското собрание да брои и 133 пратеници, никаде не е забележано според бројот на жителите во Централна и Источна Европа ние уште повеќе сега даваме можност на товар на сиромашното население на граѓаните на Република Македонија политичките партии да трошат повеќе пари. Значи ако досега имаа можност да добиваат 60 денари, сега добиваат 300% повеќе 180 денари за освоен глас. Сметаме дека не постои ниту еден аргумент, не постои елементарна анализа, некои параметри, некој репер врз основа на кој можеме да размислуваме во насока дека ова е добро решение. Јас гарантирам дека на политичките партии според она што досега го работеа никогаш не им се доста пари. Овие се малку пари. Пишуваат и медиумите, особено во услови кога цената за реклами за медиумско претставување на политичките партии нема да биде статична категорија, тоа е динамична, тоа постојано се менува. И ние постојано потребите на партиите да ги следат, да речеме, цените на рекламирањето, претставувањето на политичките партии на електронските и пишаните медиуми треба да ги следиме, со тоа што тоа ќе биде на товар на

граѓаните. Сметам дека тоа не е коректен однос на нас, на претставници спрема сопствените избирачи, спрема граѓаните. Тие не ни даваат за право да трошиме многу повеќе пари овде, туку смета дека треба максимално и рационално да се однесуваме. Овде имаше многу добри идеи за начинот на финансирањето на политичките партии за да не се посегаме по џебот на граѓаните. Меѓутоа, овде во овој закон тоа не е разработено како идеја. Значи, не можеме надвор од оние рамки што ги утврдиле претседателите на четирите политички партии да се движиме. Мислам дека тоа не е добро за демократијата во Република Македонија и дека независно тоа е прагматична работа за политичките партии во Македонија се форсира бипартизам, тоа не е добро за демократијата. Две партии имате кои меѓу себе разговараат најчесто за сите други прашања, но кога ќе дојде за Изборниот закон, бидејќи интересот ги спојува, тука едноставно говорам и кај условно речено македонскиот политички кампус и кај албанскиот политички кампус, тука се единствени по однос на парите и можноста да ги задржат позициите. Сметаме дека навистина кога станува збор за трошењето на парите, ќе треба да се даде многу релевантно образложение зошто сметаме дека три пати 300% треба да се зголемат средствата што ќе ги добиваат политичките партии за кампањата. Овде јас не слушнав ниту едно образложение, ниту еден факт дека треба тоа. Можеме да речеме дека малку се и 300%, да ги зголемиме и 500%. Од каде ги најдовме баш 300%? Значи, реално да се прикажуваат трошоците на политичките партии. Затоа почитувани колеги, сакам да ве замолам, сепак ако ги претставуваме интересите на граѓаните во ова Собрание, ако ги следиме животните трошоци, ако официјалните податоци и статистички говорат дека стандардот на граѓаните на Република Македонија во споредба оваа година во споредба со минатата година е помал, е сериозно паднат, од каде правото ние да бараме уште повеќе средства од граѓаните за политичката активност, односно за нашето политичко претставување? Сватете го ако сакате и демагогија. Меѓутоа, ајде да и погледнеме на вистината во очи, да направиме елементарна анализа, ако навистина тоа е неопходно за политичките партии, да видиме која е таа егзактна бројка. Вака, мислам паушално носиме политички одлуки со која серизно се зафаќа од џебот на граѓаните за кампања на политичките партии. Сметам дека немаме право тоа да го правиме, или во најмала рака треба да се преиспитаме, да направиме елементарна анализа, па да ни веруваат граѓаните, да кажат, да, оваа ваша одлука се темели врз анализи и релевантни индикатори. Секој од нас, ако ги претставуваме граѓаните на Република Македонија, мислам дека ќе треба кога ќе се соочиме со нив отворено ќе не прашаат, каде ги најдовте тие 300% зголемување и за која намена се? Нашиот аналитички центар за овие избори 2008 година имаше некоја проценка дека Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ има потрошено некаде помеѓу 30 и 35 милиони евра за претставување. Земете го времето на претставување, цена секунда колку е на електронските медиуми и на телевизија, објавените цени, колку е цената за рекламирање во весниците, сами ќе дојдете до бројка, не треба никој да ви кажува. Според тоа, пари никогаш не се доста, меѓутоа ние должиме одговор на граѓаните зошто баш 300% ги зголемуваме трошоците за нашето претставување. Очекувам сепак, навистина да имаме коректен однос спрема економската и социјалната положба на граѓаните во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Пратениците од Либерл демократската партија ќе дадат полна поддршка на овој амандман и очекувам тоа да го сторат и сите останати наши колеги, особено оние кои што сакаат да ги читаат препораките на ОБСЕ и на ОДИХР. Во делот финансирање на изборната кампања апсолутно се вклопува со тоа што нашите колеги од НСДП го бараат. Имено, прво, почнав со една анегдота, вие знаете дека за Република Македонија се кажуваат анегдоти вели, според една анегдотска информација расходите на главните организатори на кампањи значително го надминаа ограничувањето. Во пракса во моментов не постои ефикасна контрола на финансирањето на изборната кампања, точно до збор тоа што го кажа колегата Петковски.

Понатаму, вели дека амандманите кои се дадени директно, а се содржани во законот за финансирање на политичките партии, ви кажувам дека тоа е оној закон што еден во петходните состави го дадов јас и колегата Шапуриќ од името на ЛДП, така што нас како ЛДП не ни преостанува ништо туку да го поддржиме овој амандман за што кажав дека и очекувам тоа да го направат и колегите од парламентарното мнозинство. Би ве замолил амандманите да не ги делите на оние кои доаѓаат од власта и оние кои доаѓаат од опозицијата, туку да ги делите на квалитетни и неквалитетни. Мислам дека тука не треба воопшто да се делиме по некоја партиска линија, туку тоа што е предложено во овој мошне конструктивен амандман од колегите на НДСП, е нешто што пред целата јавност, домашна и меѓународна, сме се заложиле како политички партии дека ќе се бориме за тоа. Очекувам овој амандман да биде подддржан. Уште еднаш, апсолутна поддршка од пратениците на ЛДП.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал да интервенирам во дискусијата на господинот Петковски по однос на две позиции кои беа спомнати.

Прво, апсолутно не станува збор за зголемување на средствата кои ќе се зафатат од буџетот односно средства на граѓаните за финансирање на политичките партии. Напротив, сумата од 15 денари по добиен глас останува идентична во предлогот доставен од страна на Министерството за правда и околу оваа дилема не треба да стане збор, бидејќи не постои дилема. Тоа можете да го видите во текстот на предлог законот што сите ние како пратеници го имаме добиено.

Второ, би сакал да ве уверам дека кажавте груба невистина во делот на средствата што ги спомнавте, што ВМРО ДПМНЕ ги потрошила за изборите. Значи, финансирањето на изборната кампања на ВМРО ДПМНЕ апсолутно е покриена со договори склучени со сите субјекти вклучени во нашата изборна кампања. Тие документи се доставени до сите релевантни институции во Република Македонија и се јавни. Ако сакате да имате увид, можете да се обратите и до Државната комисија за спречување на корупцијата и до Државната изборна комисија итн., и ќе видите дека апсолутно ви се неточни тврдењата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Се извинувам околу лапсусот. Реков средства од Буџетот, а моето образложение беше за средства потрошени во кампањата за претставување на политичките партии.

Видете само колку цените, откако го донесовме законот, кога утврдивме дека може да се добијат 60 денари, телевизиите можеби за 200 или 300% ги качија цените. Мислите сега ќе застанат пак на истите цени и ние ќе ги следиме постојано и телевизиите и весниците. Мислам дека треба да имаме одговорен однос кон оние кои даваат пари за фукционирање на Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за амандманот гласаа 5 пратеници, воздржани нема, против 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот, за бришење на член 46, поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска и Горан Мисовски.

Амандманот на член 71 и член 78 за менување на став 1 и на новиот став 2 алинеите 1, 2 и 3, поднесен од пратнеиците Имер Селмани, Сулејман Рушити, Абедин Зумбери и амандманот на член 78 за менување на став 1 и на новиот став 2, алинеи 1, 2 и 3, поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска и Горан Мисовски се со иста содржина.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 78 за менување на став 1 и на новиот став 2 алинеи 1, 2 и 3, поднесен од пратениците Имер Селмани, Сулејман Рушити и Абедин Зумбери и по амандманот на член 78 за менување на став 1 и на новиот став 2 алинеи 1, 2 и 3 поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска и Горан Мисовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата него прифати овој амандман со оглед на тоа што веќе се произнесовме по однос на иницијативата Република Македонија да биде една изборна единица. Според тоа, и според состојбите што ги искажавме во врска со тие амандмани кои беа на почетокот на вчерашната седница, Владата не го прифаќа овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јави господинот Тито Петковски и господинот Сулејман Рушити.

Има збор господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам господине претседателе, господине министер, почитувани колеги,

Изборниот модел, па ако сакате и проблемот околу бројот на изборните единици во Република Македонија е прашање кое во континуитет од 1990 година е предмет на дебата и во експертската јавност и во Собранието во пригоди кога ќе дојде на дневен ред расправа по изборниот законик. Секогаш провејува една идеја дека некои делови од македонското општество или поточно речено малите етнички заедници се оштетени за сметка на политичките партии кои имаат и поголема поддршка меѓу граѓаните и се разбира при пописот се декларираат за припадници на соодветна етничка заедница и секогаш станува збор, како што рече еден мој колега дека и едната и другата стожерна партија и ВМРО ДПМНЕ и СДСМ постојано се во позиција околу кои ќе гравитираат или ќе прават коалиции помалите етнички заедници, бидејќи изборниот модел и, се разбира изборниот законик кој ги определува изборните едници налага токму таков однос на етничките заедници да се приклонат кон една од овие две големи политички партии ако сакаат да ги артикулираат сопствените погледи,

интереси и мислења на јавна сцена, особено да бидат претставени пред деловите од тие граѓани во Собранието на Република Македонија.

Јас искрено сум изненаден зошто тоа не е предмет на интерес за пратениците од помалите етнички заедници. Тука го слушнавме и ставо тна господинот Кенан Хасипи и се разбира наоѓам логика во оправдувањето зошто тие сметаат дека не треба Република Македонија да биде една изборна единица, бидејќи смета дека на поквалитетен начин ќе ги заштитат сопствените интереси со тоа што ќе можат да бараат, да издејствуваат од коалициониот партнер, од големата партија, во случајот сега ВМРО ДПМНЕ подобро позиционирање и се разбира обезбедување на гарантирани мандати што ако Република Македонија биде една изборна единица, а некои етнички заедници имаат по две или три политички партии, па гласовите ќе се дисперзираат и постои опасност да не стекнат ниту еден мандат. Се разбира подобро е да имаат гарантиран мандаст отколку да се борат за него. Меѓутоа, идејата зошто предложивме овој амандман сега е од причина што сепак станува збор за политички натпревар, политички натпревар кој треба да даде шанса на политичките субјекти, учесниците во овој натпревар рамноправно да учествуваат односно да им даде рамноправни шанси и да видат навистина колку дел од таа популација стои зад една политичка ориентација. Или да бидам уште поконкртен. Секогаш постоеше дискусија дека некој на некого му дава, малку му дава а тој заслужува многу повеќе. Доколку Република Македонија биде една изборна единица ние сметаме дека Република Македонија може да напредува повеќе како демократско општество, да се слушнат, да се артикулираат и поинакви мислења и да не смее да се дозволи да се маргинализираат помалите етнички заедници во Република Македонија. Ова е моделот кој тоа го гарантира и на партиите, условно речено, од албанскиот политички кампус и на сите други помали етнички заедници во Република Македонија да можат да излезат со сопствени програми и согласно сработеното на терен да бараат поддршка од г раѓаните. Значи, доколку Република Македонија биде една изборна единица ќе имаме правична распределба на мандатите. Не го тоа елиминира во ниеден случај можноста за коалицирање на една од овие партии на етничка основа, со било која партија со граѓанска ориентација, или во овој случај со поголемите политички партии кои во Македонија во овој момент и егзистираат. Значи, ова е шанса повеќе за малите етнички заедници да дојдат до свој мандат чесно сработен, да не се потпираат да речеме на моќта на една политичка партија која е многу поголема. Тоа мислам дека сите овие наназад некмолку години кога стануваше збор за изборниот законик, беше постојано опсервирано од пратениците, колегите од помалите етнички заедници и сметаме дека е добра прилика тоа сега да се задоволи.

Значи сметаме и бараме од вас поддршка, доколку се даде можност Република Македонија да биде една иборна единица, ќе имате поголема концентрција на гласовите околу една политичка опција, во случајот на малите етнички заедници и практично ќе ги натера и нив меѓусебно да разговараат, да комуницираат. Ако веќе тргна Македонија да гради мултиетничко општество со јасна нагласка и на партизација на етничка основа, тоа е наша реалност и тоа треба да го почитуваме и на таа основа да бара претставување на нивните интереси во Парламентот. Тогаш ќе бидат многу подобро претставени. Затоа и го поднесовме овој аманман и сметаме дека и ќе се поедностави целата процедура, ќе биде многу поефтина изборната процедура и се разбира многу поправична за припадниците на помалите етнички заедници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јавија господинот Кенан Хасипи и господинот Илија Димовски.

Има реплика господинот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Ќе ја искористам репликата да се осврнам и на она што при амандманската расправа вчера и претседателот на ЛДП господинот Манасиевски го констатира дека ние наназад сме се залагале за чист пропорционален модел и дека ваквиот изборен модел е еден од најкриминалните бидејќои на нас не ни овозможува влез во Собранието на Република Македонија. За волја на вистината Демократската партија на Турците на Македонија, пропорционалниот модел го нуди како алтернатива, доколку не помине моделот за гарантираните мандати.

Ќе ве потсетам дека ова Собрание најкриминалната одлука околу изборниот законик ја донесе во 1998 година кога се воведе комбиниран модел и каде што на пропорционалниот модел со кој се предвидуваше 85 пратеници да бидат изгласани, беше воведен цензус од 5%. Тоа буквално значеше дека сите помали заедници се исфрлени од игра. Претходно имавме два изборни циклуси со мнозински модел што буквално не исфрлуваа од игра, бидејќи немавме концентарција на население за да добиеме пратеници и наместо да одиме чекор понапред, ние во 1998 година уште повеќе ги заглавуваме помалите етнички заедници. Тогаш јас побарав да се симне цензусот на 1-2%. Резултат на таков модел беше, наредниот парламент имаше еден бошњак од листата на Демократска алтернатива и еден Ром кој излезе по мнозинскиот модел, од Шуто Оризари каде има најголема концентрација. Тогаш ние побаравме гарантирани места и доколку се сеќавате во 2006 година, господинот Владо Бучковски во својство

на премиер на Владата дури позитивно се изрази за тоа, меѓутоа после тоа СДСМ тоа не го поддржа. И сега ги бараме гарантираните места од причините што ги изнесов при репликата на господинот претседател на ЛДП, Манасиевски, бидејќи сметаме дека со дисперзија на гласовите, бидејќи сите етнички заедници имаат по неколку политички партии, можеме да дојдеме во ситуација две или три етенички заедници, дури и со пропорционален модел каде цела Македонија би била една изборна единица, да немаат свој претставник во Собранието на Република Македонија. Да ви кажам уште нешто, не случајно на бившите ЈУ простори сите го имаат издејствувано решението за гарантирани места, дури го имаат и фиксирано бројот на пратениците, меѓутоа бидејќи времето не ни дозволува, во некоја друга прилика ќе објаснам зошто отишле на фисен број на пратеници, а не на флуктуирачка листа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Благодарам претседателе.

Бидејќи постојат можеби две години, две ипол години од 2006 година до 2008 година дискусии во Парламентот, а се разбира тогаш и помеѓу партнерите од ВМРО ДПМНЕ и Социјалдемократскиот Сојуз каде би се нашле помалилте етнички заедници со овој изборен модел. И се разбира бидејќи не постигнаа договор, постигнаа договор со ВМРО ДПМНЕ дека ќе добијат гарантирани мандати и затоа претпоставувам влегоа во коалиција со ВМРО ДПМНЕ. Но во овој закон такви решенија не постојат. Според тоа ова е шанса тој договор да се испочитува, или има нешто договорено за кое јавноста не знае. Ама како и да е, мора да биде уредено со закон.

**Трајко Вељаноски:** Реплика Има гоисподинот Димовски Илија.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Секако оваа дискусија е доста интересна и има простор да се шири многу и била присутна во јавноста во Македонија во последниве 17 години. Во Република Македонија досега се употребени мнозинскиот, чисто мнозинскиот изборен систем со 120 изборни единици, комбиниран 85 изборни единици и 35 на пропорционална листа и овој чисто пропорционален со 6 изборни единици. Значи, јас ги разбирам забелешките на господинот Петковски во поглед на слабостите кои што ги има системот и впрочем нема систем изборен во светот кој што е ефикасен 100%. Затоа секаде во саветот има различни изборни системи. Меѓутоа, кога говориме треба искрено да проговориме и за ризиците кои што би ги носел овој систем кој што вие го спомнавте пропорционален со една изборна единица. Прво, би се изгубил дополнително контактот помеѓу пратениците и граѓаните во Република Македонија. Зошто го велам ова? Дури и сега кога имаме 6 изборни единици има доста пратеници кои што станале пратеници во изборни единици од каде што не потекнуваат. Допирот со граѓаните, припадноста на одредена околија е доведен во прашање. Значи, не би сакал да бидам вулгарно сватен, меѓутоа во македонското собрание има барем 20-тина пратеници кои што се избрани надвор од местото на живеење. Нивната можност да имаат контакти со граѓаните, нивната можност да остваруваат средби со граѓаните на дневна база е многу намалена. Замислете што би се случило ако таквиот пропорционален систем биде на ниво на цела држава. Одговорете ми на кое место на вашата листа би се нашол првиот кандидат од Неготино, или првиот кандидат од Велес, или првиот кандидат од Ресен. Значи, ризиците се големи. Во поглед на застапеноста на малите етнички заедници, тоа е проблем кој што припадниците на помалите етнички заедници го отвораат веќе 10-тина години, ако не се лажам, во Република Македонија, меѓутоа за прв пат пред година, година ипол, ВМРО ДПМНЕ како сериозен политички субјект застана зад оваа идеја.

Зошто е тоа подобро од ова што вие го предлагате. Во Република Македонија вкупниот број на припадници на помали етнички заедници се движи меѓу 10 и 12%, а се 5 етнички заедници. Има етнички заедници кои што едвај стигнуваат од 1% од вкупното население во Република Македонија. Ако погледенте според статистика поголемиот дел од овие етнички заедници се исклучително малди етнички заедници со голем број на припадници на етничка заедница под 18 години. Јас ви гарантирам дури и да се воведе пропорциоаналниот систем со една изборна единица, дел од тие етнички заедници нема да влезат во македонското Собрание. Таа математика е многу пати правена и таа математика е многу јасна и прецизна.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски**: И двата аргументи апсолутно не се основани.

Прво, дека ќе дојде до проблем околу дисперзијата на мандатите по општините. Мислам дека Уставот дава обврска не само гаранција дека во Уставот прецизно пишува, пратениците ги претставуваат граѓаните, а гласаа по свое уверување. Не кажува граѓаните од која општина или од кој град ги претставуваат. Тоа е техничко прашање и мандатите си ги распоредува си ги дисперзира политичката партија. Онаму каде што е посилна, претпоставувам ќе најде поголем број на кандидати за пратеници, таму каде што послабо стои нема да добие подршка, нема ни да кандидира. Тоа не е аргумент.

Вториот аргумент околу гарантираните мандати на малите етнички заедници очекувава дека вашиот договор на ВМРО ДПМНЕ со нив ќе се

реализира барем овој закон. не го гледам во законот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Рушити Сулејман, повелете.

**Сулејман Рушити**: Ви благодарам претседателе.

По лидерската средба на четворицата лидери во клубот на пратеници јасно се гледа дека и предлогот кој излезе од таа средба не е најсовршен. Сигурно дека демократијата не е статичка, таа е динамичка и не можеме да говориме за современи закони. Но и покрај тоа не гледам дека има субстацијална измена која ќе влијаеше да имаме еден закон кој ќе ни гарантира не само регуларни избори туку и распределба на мандати на поредовен начин, значи една поголема демократизација на општеството на Република Македонија. Фактите и бројките говорат дека во неколку изборни единици не само од помалите етнички заедници, туку и поголемите албански партии добиваат гласови кои никогаш не се искористуваат односно гласови кои не даваат еден пратеник. Со нашиот предлог Македонија да биде една изборна едница да ви ја кажам вистината имаше неколку амандмани и предлози кои ценам и верувам дека ќе го демократизираа нашето општесство како што беше предлгот за отворени листи, мислам дека ќе се направеше така што ќе имавме закон кој ќе ги унапреди процесите во Република Македонија. имаше неколку образложенија кои лично ценам дека не се засновани од причина што бројките во последните избори со овој модел со 6 изборни единици укажуваат на тоа дека не сите граѓани и не гласовите на сите гласачи се одразуваа во формирањето на ова Собрание. Конкретно еден голем број на гласови на Албанците не успаваат да дадат еден пратеник и да проследат еден нивен претсатвник во ова Собрание. Мислам дека откако ќе се изгласа ако се донесе овој законик мислам дека треба да се отвори една малку поширока дебата да се добијат предлози и сугестии и да имаме еден поквалитетен Изборен законик, посебно кога Македонија неколку пати и се укажува во однос на изборниот процес. Значи, ова е една од одредниците беџмарковите и треба да бидеме внимателни пред да го изгласаме да донесеме еден закон кој ќе биде основа и платформа која ќе ни помогне на сите нас да имаме понатамошна демоктратизација на нашето општество. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Хасипи Кенан.

**Кенан Хасипи**: Благодарам.

Иако не бев лично спомнат вои дискусијата на господнинот Сулејман Рушити, корстам прилика да се доизјаснам во однос на досегашниот тек на дискусијата околу амандманите. Господинот Рушити го спомна беџмарк, деветиот беџмарк беше да се извршат измени во Изборниот законик со кој што ќе се овозможи да имаме регуларни фер и демократски избори. се инсистираше тиј закон да се донесе со што е можно поширок консензус. За жал, по прашањето на гарантираните места за помалите етнички заедници на лидерската средба не беше постигант консезус. Консензус помеѓу една од партиите од македонскиот блок и две албански партии по мои информации. Ќе мораше тогаш да се оди на варијантата да се изгласа изборен закон без поширок консензус и тогаш веројатно извештајот на Европската комисија ќе содржеше реченица дека се уште не фунционира политичкиот дијалог итн. Во оваа фаза требаше да се обезбеди што е можно поширок консензус за да го изгласаме Изборниот законик и да влеземе подготвени во изборниот циклус, кој што следува веќе во март. Тоа се локалните и претседателски избори, додека парламентарните избори се многу покасно. Јас ве уверувам дека помалите етнички заедници, вклучителни и Демократската партија на Турците на Македонија никогаш нема да се откажат од оваа идеја. Ние веднаш после овие избори ќе го покренеме ова прашање преку иземни и дополнување на Законот за избор на пратеници во Изборниот законик. Тогаш, ние ќе ја тестираме нашата коалиција со ВМРО ДПМНЕ, и длабоко веруваме дека тогаш ќе бидеме подржани. Се работи за едно класично политичко прашање кое што во моментот од страна на ВМРО ДПМНЕ партијата има согласност, треба дополнително да се усогласуваме со другите политички партии и ние сме спремни дури за модалитети во овој предлог, дали тоа ќе бидат фиксен број на пратеници или ќе бидат 5 предложени другите во компетиција да се избираат, меѓутоа нема откажување од оваа идеја и јас сум далбоко уверен дека ВМРО ДПМНЕ ќе опстане на идејата да не подржи, но расправата ќе ја отвориме во ова Собрание и преку измени и дополнување на Изборниот законик. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Рушити Сулејман.

**Сулејман Рушити**: Ви благодарам.

Иако репликатана господинот Хасипи не беше упатена директно кон мене, но беше извадена од контекстот на мојата дискусија. Но и покрај тоа излезе на виделина една вистина која ја кажав во мојата дискусија дека овој Изборен законик не ги исполнува непотребите и барањата на пратениците, туку не ги исополнува барањата на реалноста во Република Македонија.мислам дека ако се отвори дискусијата на помалите етнички заедници мислам дека мојот глас, но и на пратениците на Нова демократија и подршката во суштина на помалите етнички заедници ќе ја имаат, но и покрај тоа мислам дека не се третираат многу прашања на изборите, за подобрувањето на изборите со овој предлог законик. Мислам дека можеби би било потребно да се подобри пред да се изгласа овој закон и

после да бидеме подготвени за парламентарните избори, иако имаат рок за да се одржат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманите е завршен.

Амандманот на член 78 за менување на став 1 на новиот став 2, алинеи 1, 2, и 3 поднесен од пратениците Имер Селмани, Сулејман Рушити и Абедин Зумбери го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за амандманот гласаа 4 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 59 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 78 за менување на став 1 на новиот став 2, алинеи 1, 2, и 3 поднесен од пратениците Имер Селмани, Сулејман Рушити и Абедин Зумбери.

Амандманот на член 78 за менување на став 1 и на новиот став 2 алинеи 1, 2 и 3 поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Миракоска и Горан Мисоски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, од нив за амандманот гласаа 4 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 53 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници и полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои 78 за менување на став 1 и на новиот став 2 алинеи 1, 2 и 3 поднесен од пратениците Тито Петковски, Соња Миракоска и Горан Мисоски.

Отворам претрес по амандманот на член 100 став 2 поднесен од пратениците Теута Арифи, Рафис Алити, Џеват Адеми, Аднан Јашари, Блерим Беџети, Џемаил Јашари, Сафет Незири, Зумрете Јакупи, Хајрула Мисими, Фазли Велиу, Тахир Хани, Феми Јонузи, Јулиета Марку И Вулнет Амети.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски**: Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

Амандманот е од правно технички карактер и го прифаќаме.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 100 став 2 поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шеќеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски**: Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Во меѓувреме пратениците Имер Алиу, Мерел Узаири Ферати, Садие Иљази, Бесим Догани и Флора Кадриу поднесоа амандмани на член 2 за менување на новиот став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Тито Петковски, Соња Миракоска и Горан Мисоски поднесоа амандман на член 40 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 48 став 3 и за менување на став 6 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Имер Алиу, Бесим Догани, Мерел Узаири Ферати, Даут Реџепи, Флора Кадриу и Садие Иљази поднесоа амандмани на член 175, табеларен дел во изборна единица 4 и во изборна едница 5 и на член 175, табеларен дел во изборна единица 5 и во изборна единица 6 по кои Владата не се произнела.

Пред да продолжиме понатаму, ја прекинувам седницата и продолжуваме во 17,00 часот.

Меѓувреме свикувам координација во Охридска сала со координатирите и потпретседателите на Собранието.

Продолжуваме во 17,00 часот.

На координација се договоривме поради одредени партиски активности на одредени политички партии, ја прекинувам седницата и продолжуваме утре во 11,00 часот со истата седница.

(Седницата прекина со работа во 17,19 часот)